**ИНТЕГРИРАН ЛОКАЛЕН РАЗВОЕН ПЛАН**

**НА ОПШТИНА ШТИП 2024-2027**



јули, 2024

**ПРЕДГОВОР**

Почитувани жители и посетители на нашиот град,

Општина Штип како центар на Источниот плански регион и најголема урбана општина по број на жители претставува административен, културен центар и носител на економскиот развој на регионот.

Со цел општината да обезбеди долгорочен одржлив развој, применува стратешко планирање со кое го трасира патот кон остварување на својата визија, да биде економски, образовен и културен центар на државата и општина на одговорни, активни и ангажирани граѓани.

Стратешкото планирање има за цел поедноставно и попрецизно да се согледа развојната перспектива преку увид во најпрепознатливите јаки страни и клучните слаби страни, кои ќе бидат стратешки фокус на ресурсите во наредниот период. Визијата и стратешките цели за развој се креирани од овој фокус. При дефинирањето на стратешките цели, нивната усогласеност се проверува со соодветните цели од повисоките стратешки документи. Покрај вертикалното усогласување, се проверува и нивното хоризонтално усогласување.

Подготовката на Интегриран локален развоен план е повеќе од административна вежба. Тој треба да биде конкретна и корисна алатка со одговори на воочените предизвици. Покрај тоа, процесот е одлична можност да се препознаат или создадат продуктивни локални партнерства и да се зајакне локалната енергија во заедницата со цел да се остваруваат претпоставените планирања.

Содржината и форматот воглавном се разликуваат во зависност од локалната ситуација и од начинот на кој се решаваат процесите, територијалната покриеност и локалниот контекст. Сепак, Интегрираниот Локален Развоен План треба да ги содржи сите главни компоненти за сеопфатност, да биде развоен и оперативен, за да се обезбедат релевантни извори на информации и јасна стратешка ориентација за развој на општината.

Планирањето не е еднократен процес, туку е дел од циклуси на планирање. Тоа значи дека секој процес на планирање се надоврзува и подобрува по однос на претходниот. Тоа подразбира и проверка на реалноста и промена на приоритетите, бидејќи одреден број проблеми и предизвици се решаваат во секој циклус.

Интегрираниот локален развоен план е повеќегодишна алатка за планирање на општините и треба да опфаќа период од најмалку 4 години.

Процесот на стратешко планирање помага да се предвиди развојот и се фокусира на целите кои треба да се остварат, одредува приоритети, програми, мерки и активности. Стратешкото планирање се прави со цел да се обезбеди континуиран развој преку рационално управување со ресурсите со кои располага општината. Притоа, се поаѓа од расположливите природни, човечки и материјални ресурси, анализа на потребите, можностите за развој и изнаоѓање на најповолни решенија со максимално искористување на постојните и креирање на идни ресурси.

Токму заради ова, општина Штип има неколку Стратешки документи за локален економски развој како што е и претходната Стратегија за локален економски развој 2022-2025 година, со акциски план кој содржи и проектни решенија каде се претставени намерите за придонес кон економскиот развој на општината во следниот период.

Стратегијата е подготвена заедно со претставници на сите засегнати страни, претставници на општинската администрација, институциите, науката, граѓанските организации и бизнис секторот.

Целта на стратешкото планирање е активно учество на сите засегнати страни во делот на планирањето и насочувањето на напорите на општината во насока на решавање на приоритетните проблеми во рамки на општина Штип, одредување на стратешки цели за развој на индустријата,

туризмот и услужниот сектор, со цел обезбедување на стабилност и благосостојба на граѓаните во општината.

Вклучувањето на сите засегнати страни обезбедува сопственост на процесот, но и одговорност во реализацијата на зацртаните цели.

Притоа, носител на сите активности во процесот на планирање, имплементација, следење и евалуација на постигнатите резултати е општинската администрација, која има улога и на координатор на сите инволвирани страни во процесот.



Градоначалник на Општина Штип

Иван Јорданов

- СОДРЖИНА

1. ЛИСТА НА КРАТЕНКИ ........ 5
2. ВОВЕД ........ 8
3. ЦЕЛ НА ИЛРП ........ 11
4. МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ПОДГОТОВКА НА ИЛРП ........ 11
5. ВЕРТИКАЛНА И ХОРИЗОНТАЛНА ИНТЕГРАЦИЈА НА ИЛРП СО ДРУГИ РАЗВОЈНИ ПОЛИТИКИ ........ 12
6. КЛУЧНИ НАОДИ ОД СОЦИО-ЕКОНОМСКАТА И ЕКОЛОШКА АНАЛИЗА, И SWOT АНАЛИЗА ........ 19
7. ВИЗИЈА НА ОПШТИНАТА ........ 28
8. СТРАТЕШКИ РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ НА ОПШТИНА ШТИП ........ 28
9. ИЗЈАВА ЗА РАЗВОЈНИ ПРИОРИТЕТИ ........ 29
10. РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ ........ 30
11. БУЏЕТ НА ОПШТИНАТА ........ 49
12. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЛРП ........ 50
13. ПЛАН ЗА МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА НА ИЛРП ........ 51

АНЕКС 1: СОЦИО-ЕКОНОМСКА И ЕКОЛОШКА АНАЛИЗА ........ 53

## 1. ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

| МЛС | Министерство за локална самоуправа |
|---|---|
| БРР | Биро за регионален развој |
| ИЛРП | Интегриран локален развоен план |
| ЛЕАП | Локален еколошки акциски план |
| НЕАП | Национален еколошки акциски план |
| ФЛОРИТ | Фондација за локален одржлив развој и информатички технологии |
| ЛЕР | Локален економски развој |
| УНДП | Програмата за развој на Обединетите нации |
| ДЗС | Државен завод за статистика |
| МЖСПП | Министерство за животна средина и просторно планирање |

Листа на табели:

Табелата 1: Клучни методолошки чекори и периодот во кој се реализирани .................................. 11

Табела 2: Национални цели за цврст отпад ........................................................................... 16

Табела 3: Национални цели за електронски отпад ................................................................. 17

Табела 5: Главни еколошки предизвици.................................................................................. 21

Табела 6: SWOT анализа за животна средина......................................................................... 23

Табела 7: Социо-економска SWOT анализа ............................................................................ 25

Табела 8: Интегрална SWOT анализа ...................................................................................... 26

Табела9. Приходи и расходи на општината по сметки за 2022 и 2023 година ........................ 49

Табела10: Буџет 2024 – Капитални расходи ........................................................................... 50

Табела 11: Резултати и индикатори за успешност на ИЛРП .................................................. 51

Табела12: Демографски податоци според типот на населено место ..................................... 53

Табела 13: Вкупно резидентно население по 5 годишни возрасни групи и пол ..................... 53

Табела 14: Стапка на природен прираст на 1,000 жители 2016-2022 ..................................... 54

Табела 15: Вкупно доселени и отселени граѓани ................................................................... 54

Табела 16: Работоспособно население, вработени и невработени лица, 2021 година ............ 55

Табела 17: Стапка на активност, стапка на вработеност, стапка на невработеност, во возраст и пол, 2021 година ........................................................................................................................... 56

Табела 18: Вработени според занимање по пол и структура за 2021 година .......................... 57

Табела 19: Број на невработени според највисок степен на школска подготовка за 2021 година... 58

Табела 20: Активни деловни субјекти по големина, состојба 31 декември............................. 58

Табела 21: Активни деловни субјекти по сектори на дејност според НКД Рев.2, состојба 31 декември ........................................................................................................................................ 59

Табела 22: Капацитети во угостителството, 2016 година ......................................................... 61

Табела 23: Капацитети за сметување, 2016 година .................................................................. 61

Табела 24: Просечен месечен број и ноќевања на домашни и странски туристи ................... 61

Табела 25: Земјоделски површини по категории на користење, во хектари, по години, според НТЕС 2013............................................................................................................................. 62

Табела 26: Засеани површини и производство на посеви, по години, според НТЕС 2013 ....... 62

Табела 27: Број на овошни стебла и производство на овошје, по години, според НТЕС 2013.......... 63

Табела 28: Вкупно резидентно население на возраст од 15+ години според степен на образование и пол ........................................................................................................................... 64

Табела 29: Ученици во основни училишта по пол и учебна година........................................ 65

Табела 30: Ученици во средни училишта, по пол и учебна година во општина Штип ............ 65

Табела 31: Дипломирани студенти според степенот на студии, пол и според местото на постојано живеење, по години .................................................................................................. 66

Табела 32: Вид на право на користење на средства на социјална заштита ....................................... 67
Табела 33: Јавни градски паркови, дрвореди, скверови, тревници, цветни површини, излетнички места и приградски пошумени реони и појаси по реони ..................................................................... 73
Табела 34: Преглед на субјекти на територија на општина Штип со А и Б еколошка дозвола ......... 74
Табела 35: Енергетски објекти во општината............................................................................ 75
Табела 36: Сектор води потрошувачка ..................................................................................... 76
Табела 37: Јавно осветлување.................................................................................................. 80
Табела 38. Преглед на покриеност на патишта со осветлување ......................................................... 82
Табела 39. Преглед на покриеност на патишта со осветлување ......................................................... 82
Табела 40. Преглед на потрошувачка на електрична енергија по објект........................................... 84
Табела 41: Предложени мерки согласно програмата.......................................................................... 88
Табела 42: Деловни објекти кои инвестирале во соларни панели ..................................................... 91

## 2. ВОВЕД

### Профил на општина

Општина Штип е центар на Источниот плански регион и е најголема урбана општина по број на жители и административен, културен, и економски центар во регионот. Општина Штип како најразвиена општина, претставува носител на економскиот развој на регионот. Општина Штип се наоѓа во централниот дел на Источна Македонија, во средното сливно подрачје на реката Брегалница и по должината на двата брега на суводолицата Отиња. Општината се протега на 583,24км2, на подрачје со претежно планински и ридски релјеф и три котлини: Кочанска, Овчеполска и Лакавичка, на средна надморска висина од 330м. Според пописот од 2021 година во општина Штип живеат вкупно 44,866 жители. Општината се одликува со умерено-континентална клима и преставува исклучително ветровито подрачје, со околу 270 денови воздушно струење.

Штип е центар на Источниот плански регион и се граничи со седум општини и тоа: Радовиш, Конче, Неготино, Градско, Лозово, Св. Николе и Карбинци, со добра местоположба и патна поврзаност.




Во општината, покрај градот Штип има 41 населени места (села) и тоа: Балталија, Брест, Врсаково, Горачино, Доброшани, Долани, Драгоево, Едеклерци, Јамуларци, Калапетровци, Кошево, Криви Дол, Лакавица, Лесковица, Липов Дол, Љуботен, Никоман, Ново Село, Пенуш, Пиперово, Сарчиево, Селце, Скандалци, Софилари, Стар Караорман, Степанци, Суво Грло, Судиќ, Сушево, Танатарци, Тестемелци,Топлиќ, Три Чешми, Хаџи-Реџепли, Хаџи-Сејдели, Хаџи-Хамзали, Црешка, Чардаклија, Чифлик, Шашаварлија, Шопур.

Штип е град во кој историјата оставила бројни траги. Името Астибо за прв пат го споменува античкиот хроничар Полиенво (3 век пред н.е). Тој пишувал дека во Астибо (денешна Брегалница) е изведувано ритуално капење на пеонските кралеви. Астибо повторно се споменува во Табула Пеуттингемиана (античка карта од 4 век) како населба на патот за Стоби – Пауталија. Историчарите лоцираат остатоци од Астибо на просторот од денешниот стар дел на градот, на источните падини на ридот Исар и локациите Стар Конак, Тузлија и Горно Маало. Денес од античката архитектура на градот делумно се сочувани остатоците на градскиот аквадукт во месноста Ќемер, преку кој градот се снабдувал со чиста вода. Населбата егзистира и во доцниот антички и во раниот

византиски период, веројатно, под името Стипеон , а во средниот век населбата го добива името Штип.

Во Штип течат две реки. Поголемата е Брегалница (должина 43 километри) што на пат до вливот во реката Вардар поминува низ Штип. Помалата, пак, го дели градот на два дела, а се вика Отиња (3 километри должина). На десниот брег на реката Брегалница, на околу 2 км југозападно од центарот на Штип, на излезот од Ново Село што е споено со нашиот град, се наоѓаат појавите на термоминералните води Кежовица и Л'џи. Денес на ова место постои нова уредена бања со базени, како и центар за рехабилитација. Хемиската анализа потврдува дека температурата на водата е константно 58 степени целзиусови, а истата изобилува со мноштво на минерали што поволно влијаат врз човековото здравје. Бањата Кежовица, според својата радиоактивност, спаѓа во ред на најрадиоактивните термоминерални води, не само во Македонија, туку и пошироко на Балканот. Инаку, подземјето на околината на Штип изобилува со големи термоминерални води. Во близина на Штип се наоѓа планината Плачковица. Тоа е идеално место за развој на планински туризам. Плачковица го има највисокиот врв Лисец (1754 метри надморска височина), кој е предизвик за многу планинари.

Патната мрежа во Општина Штип има вкупна должина од 377,4 км, од кои 47,0 км (12,45%) се магистрални патишта, 22,4 км (5,94%) се регионални патишта и преостанатите 308,0 км (81,61%) се локални патишта. Од целокупната патна мрежа на општина Штип, 230,4 км (61,05%) патишта ја сочинуваат уличната мрежа во урбанизираните населени места. Останатите 147,0 км (38,95%) отпаѓаат на патиштата што ги поврзуваат населените места во рамките на општината.

Слика 1: Органограм на Општина Штип



## 3. ЦЕЛ НА ИЛРП

Една од алатките за интегрирано управување со општината, каде општинската администрација е двигател на одржливиот развој, е изработката на ИЛРП. ИЛРП е производ на нововоспоставена сеопфатна и напредна стратешка развојна рамка на општината, која е цврсто поврзана со буџетскиот процес и со која се адресираат предизвици поврзани со сите области од локална надлежност. Планот е подготвен низ соработка и партнерства со сите чинители во општината и ги рефлектира приоритетните потреби на граѓаните. Притоа, целта на ИЛРП е да овозможи практична и спроведлива рамка за адресирање на клучните развојни предизвици поврзани со животот на граѓаните, преку постојано следење, оценување и ревидирање на преземените стратешки чекори од страна на општинската администрација.

## 4. МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ПОДГОТОВКА НА ИЛРП

ИЛРП за Општина Штип е подготвен во согласност со Методолошките насоки за подготовка на Интегрирани локални развојни планови изработени со поддршка на проектот „Градење на општинските капацитети за имплементација на проекти – Фаза 2“, кој го имплементира Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во соработка со Министерството за локална самоуправа (МЛС) и Бирото за регионален развој (БРО). Проектот е дел од пошироката програмска рамка на УНДП финансирана од Кралството Шведска, која го опфаќа и проектот „Справување со загадувањето на воздухот“.

Табелата 1: Клучни методолошки чекори и периодот во кој се реализирани

| Чекори | Период на спроведување |
|---|---|
| Чекор 1 – Одлука на градоначалникот за почеток на процесот на планирање | декември 2023 |
| Чекор 2 – Формирање на Локален развоен тим | декември 2023 |
| Чекор 3 – Мапирање на засегнатите страни | јануари 2024 |
| Чекор 4 - Собирање податоци за социо-економска и анализа на животната средина | јануари - февруари 2024 |
| Чекор 5 - Социо-економска и анализа на животната средина | февруари – март 2024 |
| Чекор 6 – Формирање и подготовка за работа на тематските работни групи – организирање покани и подготовка за состаноци на работни групи за тематски SWOT анализи | февруари – март 2024 |
| Чекор 7 – Подготовка на консолидирани тематски SWOT анализи и извештаи од тематските работни групи и интегрална SWOT анализа | април 2024 |
| Чекор 8 – Подготовка на први и консолидирани нацрти на ИЛРП (визија, стратешки цели, критериуми за приоритизација, цели на програмите, приоритетни мерки на програмите, активности и проекти, буџет и план за мониторинг и евалуација) | мај 2024 |
| Чекор 9 - Презентирање на нацртот ИЛРП на Форумот на заедницата со цел обезбедување повратни информации и коментари | мај 2024 |

| | |
|---|---|
| Чекор 10 - Подготовка на пред-финалниот нацрт на ИЛРП одобрен од градоначалникот | јули 2024 |
| Чекор 11 - Презентирање на пред-финалниот нацрт на ИЛРП до Советот на општината за дискусија и одобрување | август 2024 |
| Чекор 12 – Објавување на финалната верзија на ИЛРП | август 2024 |

ИЛРП на општината Штип е продукт на процес на партиципативно развојно планирање заснован на подготвеноста на општинската администрација за обезбедување на учество на засегнатите страни и градење на сопствени стратешки капацитети за интегрирано развојно планирање во општината.

## 5. ВЕРТИКАЛНА И ХОРИЗОНТАЛНА ИНТЕГРАЦИЈА НА ИЛРП СО ДРУГИ РАЗВОЈНИ ПОЛИТИКИ

При подготовката на ИЛРП за општина Штип, се водеше сметка за усогласување на овој план со постоечките политики и агенди на различни сектори, на исти и повисоки нивоа на управување со развојните процеси во земјата. Притоа, обезбедена е:

- ✓ вертикална усогласеност со документи за развој повисоко во хиерархијата – релевантни политики и стратешки планови, на национално и регионално ниво;
- ✓ хоризонтално усогласување помеѓу клучните општински секторски развојни планови и политики и
- ✓ усогласување со просторните и урбанистичките планови.

Поконкретно ИЛРП на општината Штип е вертикално усогласен со следниве клучни развојни документи:

- ✓ Стратегијата за регионален развој 2021 – 2031;
- ✓ Програмата за развој на плански регион 2021 - 2026;
- ✓ Програма за одржлив локален развој и децентрализација 2021 - 2026 година;
- ✓ Акционен план за 2021 - 2023 година на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021 - 2026 година;
- ✓ Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021 - 2031 година;
- ✓ Националната стратегија за одржлив развој 2009 - 2030 година;
- ✓ Планот за спречување на создавање отпад 2022 - 2028 година;
- ✓ Планот за управување со отпад на Република Северна Македонија 2021 - 2031 година;
- ✓ Национална стратегија за заштита на природата;
- ✓ Национална стратегија за биолошка разновидност со Акционен план 2018 - 2023 година;
- ✓ Национален план за енергија и клима;
- ✓ Стратегија за развој на енергетиката на Република Северна Македонија до 2040 година;
- ✓ Акционен план за обновливи извори на енергија до 2025 година со визија до 2030 година;
- ✓ Стратегија за индустриски развој 2018 - 2027 година, со Акционен план;
- ✓ Стратегија за развој на женското претприемништво 2019 - 2023 година;
- ✓ Национална стратегија за земјоделство и рурален развој 2021 - 2027 година;
- ✓ Национална стратегија за МСП 2018 - 2023 година;
- ✓ Национална стратегија за млади 2016 - 2025 година;
- ✓ Стратегија за родова еднаквост 2021 – 2025 година;
- ✓ Национална стратегија за еднаквост и недискриминација 2022 - 2026 година;

- ✓ Стратегија за образование 2018 - 2025 година;
- ✓ Фискална стратегија на Република Северна Македонија 2022 - 2024 година (со перспектива до 2026 година);
- ✓ Програма за реформи во управувањето со јавните финансии 2022 - 2025 година и
- ✓ Други повеќегодишни национални стратегии и планови кои се поврзани со делокругот на надлежностите на општините и се во фаза на подготовка или се планирани за ажурирање.

При изработката на Интегрираниот план за локален развој на Општина Штип, а со цел негова вертикална и хоризонтална усогласеност, како и нивно хармонизирање, беа консултирани и земени предвид стратешки документи од меѓународно, национално, регионално ниво, како и документите на локално ниво.

Стратешки документи меѓународно ниво:

- Green Agenda for Western Balkans
- Извешатај за Адаптација 2023
- Digitalna EU Agenda 2030

**Зелена Агенда за Западен Балкан**

Западен Балкан е еден од регионите во Европа кој е најтешко погоден од влијанието на климатските промени, а за жал овој тренд се предвидува да продолжи, и тоа со проценки на температурата да се зголемува за 1,7 – 4,0°C, па дури и надминува 5,0°C до крајот на векот, во зависност од глобалните напори за намалување на емисиите на стакленички гасови. Парискиот договор, ратификуван од Решублика Северна Македонија, нѐ обврзува како потписник да преземаме акција за да се осигураме дека глобалното зголемување на просечната температура ќе се задржи далеку под 2° и да се продолжат напорите за ограничување на глобалното затоплување на 1,5°. Во согласност со европскиот закон за климата, климатската неутралност, ќе се одрази во билатералните и пристапните преговори на ЕУ со Западен Балкан, кои треба веќе сега да почнат соодветно да ги трансформираат своите општества.

Постигнување климатска неутралноста до 2050 година значи правење далекусежни промени на начинот на кој што живееме денес, поради што Комисијата предлага да се намали емисијата на стакленички гасови за 55% до 2030 година. Ова зголемено ниво на амбиција за следната деценија ќе ја стави ЕУ, како и земјите аспиранти на балансиран пат за климатска неутралност до 2050 година.

Реалноста ни покажува дека јагленот сѐ уште е фундаментален извор за енергетскиот сектор во Северна Македонија и Западен Балкан, при што, околу 70% од електричната енергија произведена во регионот, а во некои земји дури 97% е од јаглен. Албанија, со силно развиена хидроенергија, е забележителен исклучок. Ние се обврзавме да продолжиме со транзиција за чиста енергија и одржлив развој (министерскиот состанок во Подгорица во февруари 2019). Оваа транзиција треба да го намали увозот на енергија, да развие обновливи извори на енергија, да зајакне регионална енергетска безбедност, да инцира отпочнување на поголем економски раст, фокусирање на обезбедување почист воздух и поврзани предизвици со влијанието на здравјето.

Дополнително, Енергетската ефикасност, мора да се интегрира како предуслов во постигнување декарбонизација по најниска можна цена во идните политики и инвестициски одлуки поврзани со енергијата. Подготовката и поднесувањето на Националната енергија и

Климатските планови и цели ќе покажат посветеност за справување со проблемот, таргетирање на сектори со највисоки потенцијал за заштеда на енергија.

Слика 2: Столбови на Зелена Агенда – Западен Балкан




Слика 3: Активности за Зелена агенда




**Европски зелен договор**

Климатските промени и деградацијата на животната средина се егзистенцијална закана за Европа и светот. За да се надминат овие предизвици, Европскиот зелен договор, има за цел да ја трансформира ЕУ во модерна, ефикасна за ресурси и конкурентна економија, притоа обезбедувајќи:

- нето емисии на стакленички гасови до 2050 година = 0;
- економскиот раст одвоен од бескрајно користењето на ресурсите;
- ниту една личност или место да не биде оставено само;
- намалување на емисиите за 55% до 2030, споредено со 1990;

        - засадени 3 милијарди дрва до 2030;
        - намалување за 55% на емисиите од автомобилите до 2030;
        - намалување за 50% на емисиите од комбиња до 2030;
        - 0 емисии од новите автомобили до 2035;
        - реновирање на 5 милиони згради до 2030 година
        - Отворање на дополнителни 160.000 зелени работни места во градежниот сектор;
        - 40% енергија од обновливи извори во 2030 година
        - потрошувачката на финална и примарна енергија биде 36-39% енергетска ефикасност во 2030;

    - Интегрален дел од Стратегијата на Европската Комисија за исполнување на Агенда 2030 на ОН;
    - Една третина од инвестициите, од 1,8 трилион евра од Планот за закрепнување на следната генерација на ЕУ и седумгодишниот буџет на ЕУ (2021-2027), ќе бидат за финансирање на Европскиот зелен договор;
    - Примери на апликативни мерки и активности поврзани со животната средина:

        - Подготовка и спроведување општински јавни кампањи преку директна соработка со здруженија на граѓани за подигање на јавната свест за последиците од климатските промени и потребата од планирање и спроведување мерки за ублажување и адаптација, со посебен осврт на потребите на ранливите категории граѓани;
        - Редовно ажурирање на Проценките на општинскиот ризик од сите видови ризици и опасности, вклучувајќи ги климатските промени и новите и нетипични закани, како што се пандемијата или мигрантската/бегалската криза;
        - Преглед на сообраќајните решенија во населените места за создавање услови за непречено одење и користење на велосипеди (одвоени брзи ленти и сл.) и други транспортни средства кои не предизвикуваат загадување на воздухот;
        - Мапирање на населени места каде е неопходна урбана и социо-економска регенерација на деградираните делови, засилена заштита на урбаното зеленило и рекреативните површини, како и културното наследство;
        - Воспоставување меѓуопштинска соработка за заштита на животната средина и природата на општините кои немаат доволно човечки ресурси;
        - Подготовка и спроведување на општинските планови за квалитет на амбиенталниот воздух;
        - Воведување зони со ниски емисии, локални политики за паркирање во загадените зони, поинтензивно зазеленување на населените места и воспоставување зелени зони, коридори и бариери околу индустриските капацитети и фреквентните сообраќајници;

**Вертикално прилагодување на национално законодавство**

Согласно утврдената Методологија, потенцирани стратешки документи на национално ниво по области се:

**Отпад**

- План за управување со отпад на Република Северна Македонија 2021 - 2031 година
- План за спречување на создавање отпад 2022 - 2028 година
- Дополнително, Твининг Проект ENEA – ENforcing Environmental Acquis спроведување на правото на ЕУ за животната средина Подобра животна средина за подобро здравје - ВОДИЧ ЗА ОТПАД

**Регионално ниво**

- Регионален план за управување со отпад ИСТОЧЕН РЕГИОН

**Локално ниво**

- Регистар на компании за третман на отпад




Патоказ за секторот отпад е Планот за управување со отпад во Северна Македонија за 2021-2031 година, план кој треба да се справи со еден од најголемите предизвици во областа на животна средина, а тоа е управувањето на отпадот. Во овој план се вметнати сите европски политики од оваа област. Вертикални насоки кон општините, се задаваат преку Национална стратегија за управување со отпад, Национален план за управување со отпад (го донесува МЖСПП за период од шест години), Национална програма за управување со отпад (се усвојува за период од една година), како и Регионален план за управување со отпад (општина Штип е во источниот плански регион). Своите обврски, општините ги превземаат преку носење на Планови и програми за управување со отпад, кои треба да бидат во согласност со важечкиот Национален план за управување на отпад. Општините и Градот Скопје се задолжени за собирање, транспорт и отстранување на комунален отпад, обезбедување учество во остварувањето на националните цели за посебните текови на отпад, согласно регулативата за посебните текови на отпад, воспоставување на собирни центри и друга инфраструктура за одделно собирање на отпадни производи и посебни текови на отпад заради повторна употреба, преработка и рециклирање на посебниот тек на отпад преку склучување на договори со колективните, односно самостојните постапувачи што се регистрирани во Република Северна Македонија.

Табела 2: Национални цели за цврст отпад

| Национални цели | Рок |
| --- | --- |

| | |
|---|---|
| Минимум 55% од пакувањето што е пуштено на пазарот во Република Северна Македонија треба да се соберат | 2021 |
| Минимум 60% од тежината на отпадот од пакувањето што е создаден на територијата на Република Северна Македонија, треба да се преработи со операции на обновување или операции на енергетска преработка | 2021 |
| Минимум 55%, а максимум 80% од тежината на отпадот од пакувањето што е создаден на територијата на Република Северна Македонија треба да се рециклира | 2021 |
| Следниве количества на материјали од кои се произведува пакувањето треба да се рециклираат:<br>• 40 % од тежината за стакло;<br>• 70 % од тежината за хартија и картон;<br>• 50 % од тежината за железни метали;<br>• 30% од тежината на обоени метали;<br>• 40 % според тежината за пластика, со тоа што се зема предвид само материјалот кој е рециклиран назад во пластика;<br>• 20 % според тежината за дрво; | 2021 |

*Извор: Национален план за управување со отпад 2020 – 2030*

## Табела 3: Национални цели за електронски отпад

*Извор: Национален план за управување со отпад 2020 – 2030*

## Табела 4: Потсектори и цели за рециклирање батерии

| Потсектори и цели | Извори | Краен рок |
|---|---|---|

| **Национални цели по години** | **Процент на собирање на преносни батерии иакумулатори** | **Процент на собирање на индустриски батерии иакумулатори** |
|---|---|---|
| **2020** | 20% | 60% |
| **2021** | 25% | 65% |
| **2022** | 30% | 70% |
| **2023** | 35% | 75% |
| **2024** | 40% | 80% |
| **2025** | 45% | 85% |
| **2026** | 50% | 90% |
| **2027** | 55% | 95% |

| | | |
|---|---|---|
| Цели за рециклирање батерии (според просечна тежина):<br>• 65% оловно-киселински,<br>• 75% никел кадмиумски батерии<br>50% други батерии | Директива 2006/66/ЕК | 2011 |
| ОЕЕО, во врска со категориите од ПРИЛОГ I*<br>• кат. 1 или 10: 80% преработка и 75% рециклирање<br>• кат. 3 или 4: 75% преработка и 65% рециклирање<br>• кат. 2, 5, 6, 7, 8 или 9: 70% преработка и 50% рециклирање | Директива 2012/19/ЕУ | 2012-15 |

| | | |
|---|---|---|
| Светилки со гасно празнење: 80% рециклирање | | |
| ОЕЕО, во врска со категориите од ПРИЛОГ I*<br>• кат. 1 или 10: 85% преработка и 80% рециклирање<br>• кат. 3 или 4: 80% преработка и 70% рециклирање<br>• кат. 2, 5, 6, 7, 8 или 9: 75% преработка и 55% рециклирање<br>Светилки со гасно празнење: 80% рециклирање | Директива 2012/19/ЕУ | 2015-18 |
| ОЕЕО, во врска со категориите од ПРИЛОГ III:<br>• кат. 1 или 4: 85% преработка и 80% повторна употреба и рециклирање<br>• кат. 2: 80% преработка и 70% повторна употреба и рециклирање<br>• кат. 5 или 6: 75% преработка и 55% повторна употреба и рециклирање<br>кат. 3: 80% рециклирање | Директива 2012/19/ЕУ | 2018 |

*Извор: Национален план за управување со отпад 2020 – 2030*

**Воздух**

- Закон за квалитет на амбиентален воздух.

**Биодиверзитет**

- Национална стратегија за заштита на природата (2017-2027).
- Национална стратегија за биолошка разновидност со Акционен план 2018 - 2023 година.
- Закон за урбано зеленило.

**Локално ниво**

**Вода**

Состојбата со водните ресурси, се регулира со Законот за води 1. Законот ги уредува прашањата коишто се однесуваат на површинските води, вклучувајќи ги и постојаните водотеци или водотеците во кои што повремено тече вода, езерата, акумулациите и изворите, подземните води, крајбрежното земјиште и водните живеалишта и нивното управување вклучувајќи ги и распределбата на водите, заштитата и зачувувањето на водите, како и заштитата од штетното дејство на водите; водостопанските објекти и услуги; организационата поставеност и финансирањето на управувањето со водите, како и условите, начинот и постапките под кои можат да се користат или испуштаат водите. Користењето на водата се врши со дозвола издадена од МЖСПП, со што се стекнува водното право; Најзначаен плански документ од аспект на ЕЛС се Плановите за управување со речен слив кои се изработуваат за секој речен слив одделно;

- Закон за водите
    - Листа на даватели на водни услуги во Северна Македонија:

[1]https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/09/Zakon za Vodite -precisten tekst za informativni celi.pdf

**Енергија**

- Национален план за енергија и клима
- Стратегија за развој на енергетиката на Република Северна Македонија до 2040 година
- Акционен план за обновливи извори на енергија до 2025 година со визија до 2030 година

**Климатска акција**

- Стратегија за животна средина и климатски промени 2014-2020
- Study on the Climate-resilient Infrastructure in the Republic of North Macedonia

**Почва**

- Закон за заштита на почвата

**Одржлива храна**

- Национална стратегија за земјоделство и рурален развој 2021 - 2027 година

**Хоризонтална интеграција на ИЛРП**

Во општина Штип, хоризонталната интеграција се врши преку неколку стратешки документи и планови, и тоа:

- Важечки
    - ЛЕР 2019 – 2024
    - Стратегија за родова рамноправност 2021 – 2025
    - Програма за развој на источно плански регион 2021 - 2026
- Недонесени или со изминат рок на важност
    - Програма за енергетска ефикасност 2024 - 2026
    - ЛЕАП 2013
    - План програма за инспекциски органи 2023
- Годишни програми
    - Програма за активности во областа на животна средина за 2024 год;
    - Програма на ЈКП – Исар
    - Програма на ЈП Стипион
    - Годишни програми за 2024

## 6. КЛУЧНИ НАОДИ ОД СОЦИО-ЕКОНОМСКАТА И ЕКОЛОШКА АНАЛИЗА, И SWOT АНАЛИЗА

Со социо-економската и анализата на животната средина беа опфатени сите важни аспекти од животот и развојот на општината. SWOT е кратенка на англиски јазик за: „силни страни, слаби страни, можности и закани". Силните и слабите страни се внатрешни фактори во општината или прашања кои примарно се под контрола на локалните чинители. Во исто време, можностите и заканите се надворешни фактори, околности врз кои локалните чинители имаат мало влијание, но мора да бидат свесни за нив и да имаат соодветни механизми да одговорат на нив.

SWOT анализата беше спроведена врз основа на претходно подготвената социо-економска и еколошка анализа и претставува проверка на реалноста. Клучните прашања на кои се фокусираше SWOT анализата се:

- ✓ Силни страни: Што е тоа што ние го имаме, а другите го немаат? Што правиме или што можеме да направиме подобро од другите?
- ✓ Слаби страни: Што правиме полошо од другите? Што е клучно за нас што го попречува нашиот развој?
- ✓ Можности: Кои се можностите што ги гледаме за нашата општина во регионот и државата?
- ✓ Закани: Кои тековни активности во регионот, државата и надвор од неа може да влијаат на нашиот напредок?

Општинскиот развоен тим организираше тематски состанок со засегнатите страни кои резултираа со SWOT анализи. Табелите на тематските SWOT анализи е приложен како Анекс 2 на ИЛРП. Во продолжение во табела 2, подолу, е презентирана интегрална SWOT анализа, подготвена од ЛРТ во која се интегрирани и наодите од тематските SWOT анализи.

**Клучни наоди од социо-економската анализа и анализата на животната средина**

Согласно податоците на Државниот завод за статистика, МакСтат база на податоци од Пописот од 2021 година, вкупното резидентно население во општина Штип изнесува 44,866 жители. Во градските населени места живеат 94% од вкупното население. Постои негативен природен прираст, особено во периодот по 2019 година, пред се поради зголемување на стапката на морталитет. Помеѓу 2016 и 2022 година просечна стапка на природен прираст е -2.9. Од анализата на доселените и отселени граѓани во општина Штип може да се забележи дека од 2016 до 2021 година има поголемо доселување од отселување, додека во 2022 година доселени се 188 лица, а отселени 211 лице. Како најголема закана е иселувањето на младите, што го загрозува идниот развој на поединечните области, но и на целата општина.

Стапката на активност во општината изнесува 52.3 %. Јазот помеѓу мажите и жените кај активноста е изнесува 5.2 п.п. Стапката на вработеност во општината изнесува 47.6%. Јазот помеѓу мажите и жените кај вработеноста изнесува 3.8 п.п. Стапката на невработеност во општината изнесува 8.9%. Жените имаат помала невработеност од мажите.

Гледано од 2011 година до 2020 година има мало зголемување на вкупниот број на деловни субјекти, а порелевантно зголемување има кај бројот на средните деловни субјекти од 17 на 39, и кај големите деловни субјекти од 3 на 20. Во 2021 година во однос на 2011 година најголемо зголемување има на бројот на деловни субјекти во секторот Стручни, научни и технички дејности од 122 на 180 деловни субјекти. Економскиот развој анализиран со податоците за големината и структурата на деловните субјекти има позитивен тренд затоа што се зголемува учеството на средните и големите претпријатија и се зголемува учеството на деловни субјекти во секторите кои вработуваат повисоко квалификувани работници и креираат поголема додадена вредност.

Нема најнови статистички податоци за капацитетите во угостителството и врз основа на последните расположливи податоци од Попис на капацитетите во угостителството од 2016 година може да се забележи дека во општината има 86 угостителски објекти со капацитет од 5,176 седишта. Истите се со површина од 9,782 м2 и вработуваат 503 лица. Во 2023 година во однос на

2022 година забележан е позначителен раст како кај домашните така и кај странските туристи. Просечниот број на ноќевања во еден месец во 2023 година изнесува 1,616.

Можностите за унапредување и развој се детектираат во областите енергетика (особено обновливи извори на енергија), туризам, услужни дејности (ИКТ) и развој на руралните подрачја преку развој на земјоделието. Исто така потребни се поголеми напори за преквалификација на лицата кои бараат работа и подобра соработка со бизнис секторот.

Во учебната 2022/2023 година, во споредба со учебната 2012/2013 година, бројот на ученици во основно училиште се намалил за 603 ученици, што претставува намалување од 7.04%, а бројот на ученици во средните училиште се намалил за 249 лица т.е. за 21.6 %. Во 2022 година во однос на 2016 година има зголемување на бројот на дипломирани студенти.

Табела 5: Главни еколошки предизвици

| Број | Главни еколошки проблеми | Потребни инвестиции за решавање на проблемите | Одговорност |
|---|---|---|---|
| 1 | Загадување на река Брегалница | / | Сите кои гравитираат кон сливот на р. Брегалница |
| 2 | Управување со отпад | / | Општина Штип |
| 3 | Непошумена околина | / | ЈП “Македонски Шуми“- ПО Серта и Општина Штип |
| 4 | Немање пречистителна станица | | Општина Штип/ државни институции |

Општина Штип има потреба од пречистителна станица како приоритет, иако останува отворен начинот на финансирање. Во делот на енергетска ефикасност потребна е акција и делување во сите објекти кои се вметнати во планот, и потребно е усогласување на планот за енергетска ефикасност и проектите предвидени во годишната програма за ЛЕР за 2024 година. Во регионот на Штип постои добар потенцијал за искористување на сончевата енергија, како одржлив обновлив извор на електрична и топлинска енергија со просечна инсолација од 2350 h/год, Во просек годишно има 2.370 часови со сончево зрачење или просечно 6,5 часови дневно. Максимумот е во јули, а минимумот во декември. Покрај ова, на ова подрачје има зачестеното струење на воздушните маси, што ја прави општина Штип подобна локација за идна изградба на електроенергетски постројки (ветерници) за искористување на енергијата на ветрот. Просечната годишна брзина изнесува 5,7 m/s, а максималната брзина достигнува до 27,0 m/s. Се јавува доста изедначено преку целата година, а со поголема зачестеност во јули и август. Просечната брзина изнесува од 4,6 m/s во август до 8,8 m/s во март. Југоисточниот ветер е втор по зачестеност во ова подрачје со просечна годишна брзина 6,2 m/s и максимална брзина до 27,0 m/s. Се јавува преку целата година, а со максимална зачестеност во март и април. Во текот на годината просечната месечна брзина се движи од 3,3 m/s до 7,7 m/s. Поради зголемен интерес кај потенцијални надворешни инвеститори во последните неколку години на внимателно одбрани локации се

вршат прецизни мерења на повеќе параметри на ветерот и оценки на предвидените локации за потенцијално искористување на подобноста на ова географско подрачје.

Во однос на планираните нови зелени површини, препорачуваме да се изработи согласно законот за урбано зеленило стратегија, која плански ќе го дефинира развојот на зеленилото, но и неговата одржливост. Дополнително, како развоен проект кој би вклучил поголеми зелени површини е изградбата на градски парк, кој иако е често барање го нема предвидено во новодонесениот ГУП.

Активностите во делот на животната средина се дадени во програмата за локален економски развој за 2024 година, и тоа:

- Пречистителна станица, со колекторски систем за отпадни води
  - Општина Штип ќе лобира за изградба на пречистителна станица, со колекторски систем по течението на река Брегалница, почнувајќи од населбата Стар Карорман, покрај Чардаклија, Балканска, Македонка, низ градот Штип и ќе заврши кај Калимерово.

    Начин на финансирање: Меѓународни фондови;

    Рок на реализација: 2025 година.
- Изградба на резервоари
  - Предвидено е со средства од ЕИБ да се изградат нови резервоари во населбите: Каваклија, Мерите и Пребег.

    Начин на финансирање: Меѓународни фондови;

    Рок на реализација: 2025 година.
- Smart city
  - Систем за видео надзор и известување на сообраќајот на најкритичните места во градот (булевари, крстосници, во училишта, градинки, диви депонии, контејнери).

    Начин на финансирање: Буџет на Општина Штип, Меѓународни фондови;

    Рок на реализација: 2024 година.
- Поставување на подземни контејнери кај големите маркети
  - Изведба на подземни контејнери на најфреквентните локации како што се големите маркети со волуминозен отпад со што во исто време би се избегнало преполнувањето на контејнерите во градските фреквентни населби со голема концентрација на население.

    Начин на финансирање: Буџет на Општина Штип;

    Рок на реализација: 2023 - 2024 година.
- Имплементација на „Линија 2“
  - Изградбата на главна водоводна линија “Линија 2” во Општина Штип е проект кој е од клучно значење за граѓаните и индустриските капацитети во нашиот град и со истиот ќе се овозможи стабилно водоснабдување во критичните места.

Начин на финансирање: Во соработка со централната власт;

Рок на реализација: 2023 - 2024 година.

- Поставување на фотоволтаични панели во сите јавни институции
  - Преку вградување на фотоволтаични панели за производство на електрична енергија од сонце, со обем 200 kW, сместени на кровна конструкција на јавните институции кои ќе ги намалат трошоците за електрична енергија.

    Начин на финансирање: Буџет на Општина Штип, меѓународни донатори;

    Рок на реализација: 2024-2025 година.
- Енергетски ефикасна урбана опрема
  - На фреквентни локации ќе се постави енергетски ефикасна урбана опрема со соларни панели, за полнење на електрични велосипеди и тротинети, мобилни телефони, таблети и лаптопи.

    Начин на финансирање: Буџет на Општина Штип;

    Рок на реализација: 2024 година.
- Набавка на метларки
  - За почист и поубав град како и поради намалување на зависноста од човечки фактор при одржувањето на јавната чистота во Општина Штип предвидено е набавување на две нови современи возила за чистење на улиците.

    Начин на финансирање: Буџет на Општина Штип, меѓународни донатори;

    Рок на реализација: 2024-2025 година.
- Реализација на проектот„ Зелена енергија за подобра иднина“,
  - Веќе добиен проект со кој е предвидено реконструкција на кров и поставување на фотоволтаици на кров на Детската градинка во населба Автокоманда кај супермаркетот ТУШ.
  - Вкупниот буџет на проектот е на износ од 200.000,00 евра без ДДВ од кои 100.000,00 евра се средства кои се обезбедени од страна на Република Словенија преку Центарот за меѓународна соработка и развој на Република Словенија, а останатиот износ од 100.000,00 евра ќе биде ко-финансирање од буџетот на Општина Штип.

### Табела 6: SWOT анализа за животна средина

| Јаки страни | Слабости |
| --- | --- |
| Внатрешен поглед | |
| • Отпочнат процес за регионална депонија/ регионално управување со отпадот;<br>• Воспоставено регионално општинско тело за управување со отпадот;<br>• Поголем дел од градот е покриен со системи за водоснабдување;<br>• Направена е Анализа на | • Постоење на диви депонии со висок ризик;<br>• Не се прави примарна селекција на отпад;<br>• Нема градски парк;<br>• Поголем дел од инфраструктурата за отпадни води е во урбаните средини;<br>• Загадување на површински и подземни води;<br>• Дотраеност на системите за водоснабдување и големи губитоци на |

| | |
|---|---|
| недостатоци во еколошки податоци и карта на еколошка сензитивност;<br>• Поставени агро-метеоролошки мерни станици за мониторинг на квалитет на воздухот и почвата;<br>• Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. | вода;<br>• Недостаток на вода за пиење;<br>• Несоодветни третмани на прочистување на вода за пиење (претежно во некои од селските населби);<br>• Многу возила во центарот на градот;<br>• Недоволна регулација на текови и одводни канали/ предизвикуваат поплави;<br>• Недостиг на континуиран мониторинг на квалитетот на водата на Брегалница;<br>• Недоволна ажурност на инспекциски служби;<br>• Ниска јавна свест на населението за заштита на животната средина;<br>• Неефикасност на потрошувачката на финална енергија во домаќинствата |
| Можности | Закани |
| Надворешен поглед | |
| • Брана Отиње<br>• Брана Кежовица<br>• Економски зони за енергетски извори Стипион<br>• ЕУ поддршка за изградба на регионална фабрика за отпад за ИПР и СИПР со опрема<br>• и соодветна инфраструктура;<br>• Можности за ЕУ ИПА и други меѓународни фондови за инвестиции за подобрување на состојбата со ЖС;<br>• Поддршка од национални и меѓународни фондови за подобрување на состојбата со вода за пиење и третман на отпадни води;<br>• Дисперзија на општински институции;<br>• Користење на сончева енергија како ОИЕ;<br>• Користење на био маса од шумарството и земјоделството за енергенс и био маса од пречистителните станици за производство на хумус;<br>• Прекугранична соработка во | • Забавен процес за реализација на активностите поради пандемијата Ковид-19;<br>• Неспроведување на законите;<br>• Последици од климатски промени во шумарство, намалување на количина на вода, емисии на $CO2$, итн.;<br>• Изумирање на ендемични видови на растенија и животни (како последица на надворешни влијанија);<br>• Нерешени имотно-правни односи;<br>• Недостаток на соодветен кадар |

| | |
|---|---|
| областа на Натура 2000 подрачја;<br>• Заеднички проекти за зачувување на природата и заштита на ЖС со партнери од Бугарија и други земји од регионот;<br>• Можност за користење на фондови за Заштита на Природата;<br>• Музеј на восочни фигури (ново село) | |

Табела 7: Социо-економска SWOT анализа

| Јаки страни | Слабости |
|---|---|
| **Внатрешен поглед** | |
| • Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.<br>• Поголем број на доселени од отселени лица<br>• Добра поврзаност со градот Скопје<br>• Индустриски зони<br>• Економско-социјален совет<br>• Инфраструктура во урбаната област<br>• Културни и уметнички манифестации<br>• Стапката на невработеност кај жените во однос на мажите<br>• Економскиот развој и позитивните трендови во креирањето на средни и големи претпријатија | • Нерешени имотно-правни односи;<br>• Негативен природен прираст<br>• Намалување на бројот на ученици во основно и средно образование<br>• Можности за финансирање на развојни проекти<br>• Слаба инфраструктура во руралните области<br>• Урбанистички планови во руралните средини<br>• Соработка со приватниот сектор<br>• Несовпаѓање на понудата и побарувачката на работна сила и спора трансформација од школо на работа<br>• Слаба искористеност на ЕУ фондовите<br>• Неразвиена туристичка инфраструктура |
| Можности | Закани |
| **Надворешен поглед** | |
| • Дигитализација на општинските услуги<br>• Развој на кариерни центри<br>• Програми и мерки на пазарот на трудот<br>• Јакнење на капацитетите на општината за мобилизација на средства од меѓународни фондови<br>• Модернизирање на земјоделството<br>• Слободни места во ТИРЗ Штип и отворање на нови зони<br>• Искористување на ЕУ фондовите<br>• Стратегија и мерки за развој на | • Владеење на правото;<br>• Демографија<br>• Стареење на населението<br>• Мигрирање на високопродуктивниот кадар |

| | |
|---|---|
| туризмот | |

Табела 8: Интегрална SWOT анализа

Следењето на спроведувањето на Планот ќе се врши и на ниво на реализација на планираните активности и резултати и на ниво на успешност во однос на остварување на стратешките цели. На стратешко ниво, локалната самоуправа ќе врши периодична оценка за спроведувањето на планот по изминување на 4 години од нејзиното донесување. Препораките од периодичната евалуација ќе се користат по потреба за ревизија на развојните планови. Многу е важно континуирано да се следат сите индикатори како се реализираат плановите, и да бидат почетна основа за изготвување на следниот Стратегија за локален економски развој.

Успешноста на Стратегијата за локален економски развој ќе се оценува според следните критериуми:

- Важност: Дали целите и резултатите од планот кореспондираат со потребите и приоритетите на локалниот економски развој?
- Ефективност: Степенот до кој се постигнати целите, односно дали мерките и активностите ги дадоа очекуваните резултати? Дали можеше да се постигне повеќе?
- Ефикасност: Дали се искористени сите расположливи ресурси во спроведувањето на развојните планови? Дали целите и резултатите беа постигнати со најмали можни ресурси?

- Одржливост: Дали мерките и активностите што се спроведуваат во рамките на планот се одржливи и дали ќе имаат позитивни ефекти врз локалниот економски развој на општината и по завршувањето на периодот на 2024-2027 година?

Системот за мониторинг и известување се базира врз два клучни елементи:

- базата на податоци која содржи информации за постигнатите резултати и
- извештаите кои треба да обезбедат информации за постигнатите резултати на концизен и јасен начин.

Проектната база ќе обезбеди увид во проектите и нивниот статус на сите засегнати страни вклучени во локалниот развој (деловните субјекти, јавните претпријатија, институциите, Општината, граѓанскиот сектор итн.), кои придонесуваат за постигнување на целите на ИЛРП. Проектната база ќе биде воспоставена по усвојувањето на ИЛРП од Советот на општината и ќе се следи и надополнува континуирано во текот на програмскиот период. Базата се воспоставува единствено заради систематски преглед на активностите во општината. Еднаш годишно ќе се бара известување од носителот/-ите на проектот за статусот на проектот. За целите на имплементацијата, се формира Координативен одбор/тело за следење и мониторинг на Интегрираниот план за локален развој 2024 – 2025, со Одлука на Советот на Општината. Подготовката на Извештајот административно ќе ја води, ќе ја помага и поддржува Одделението за локален економски развој. Извештајот го усвојува Советот на Општината. Извештајот за имплементација на проектот се состои од финансиски и описен дел. Во финансискиот извештај накратко се опишува нивото на финансиската реализација во однос на планираниот процент на реализација на проектот, роковите, изворите на финансирање и други потребни информации. Дескриптивниот дел накусо ги опишува постигнатите конкретни резултати од спроведените развојни мерки во извештајниот период, користејќи соодветни индикатори за резултатите (за секоја мерка/активност утврдена во ИЛРП, се избира соодветен индикатор). Извештајот, исто така, ги опишува главните засегнати страни вклучени во спроведувањето на проектот и изготвувањето на извештајот, како и реализацијата на планираните средства и постигнатите резултати според планираните мерки.

Евалуација



## АНЕКС 1: СОЦИО-ЕКОНОМСКА И ЕКОЛОШКА АНАЛИЗА

**Демографски развој**

Согласно податоците на Државниот завод за статистика, Мак Стат база на податоци од Пописот од 2021 година, вкупното резидентно население во општина Штип изнесува 44,866 жители.

### Табела12: Демографски податоци според типот на населено место

| Тип на населено место | Градско | Селско | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Број на жители | 42,000 | 2,866 | 44,866 |
| Процентуална застапеност во бројот на вкупно население | 94% | 6% | 100% |

*Извор: Државен завод за статистика, МакСтат база на податоци од Пописот од 2021 година*

Според типот на населено место во општина Штип, во градските населени места живеат вкупно 42,000 жители или вкупно 94% од вкупното население, а во селските населени места живеат 2,866 жители или 6% од вкупното население.

### Табела 13: Вкупно резидентно население по 5 годишни возрасни групи и пол

| Возрасна група | Вкупно | Мажи | Жени | Структура |
|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 44,866 | 22,251 | 22,615 | 100% |
| 0-4 | 2,060 | 1,066 | 994 | 5% |
| 5-9 | 2,394 | 1,252 | 1,142 | 5% |
| 10-14 | 2,350 | 1,240 | 1,110 | 5% |
| 15-19 | 2,337 | 1,224 | 1,113 | 5% |
| 20-24 | 2,298 | 1,147 | 1,151 | 5% |
| 25-29 | 2,441 | 1,230 | 1,211 | 5% |
| 30-34 | 2,996 | 1,488 | 1,508 | 7% |
| 35-39 | 3,194 | 1,633 | 1,561 | 7% |
| 40-44 | 3,150 | 1,611 | 1,539 | 7% |
| 45-49 | 3,071 | 1,532 | 1,539 | 7% |
| 50-54 | 3,018 | 1,430 | 1,588 | 7% |
| 55-59 | 3,427 | 1,662 | 1,765 | 8% |
| 60-64 | 3,585 | 1,755 | 1,830 | 8% |
| 65-69 | 3,178 | 1,574 | 1,604 | 7% |
| 70-74 | 2,398 | 1,133 | 1,265 | 5% |
| 75-79 | 1,509 | 645 | 864 | 3% |
| 80-84 | 937 | 410 | 527 | 2% |
| 85-89 | 428 | 179 | 249 | 1% |
| 90-94 | 81 | 32 | 49 | 0% |
| 95-99 | 12 | 6 | 6 | 0% |
| 100+ | 2 | 2 | - | 0% |

*Извор : Државен завод за статистика, МакСтат база на податоци од Пописот од 2021 година*

Во табела се прикажани демографски податоци според пол и возраст во општина Штип, од која може да се забележи дека мажите и жените учествуваат скоро еднакво во вкупниот број на

население, односно мажи има вкупно 22,251 или 49,6% од вкупното население, а бројот на жени е 22,615 или 50,4% од вкупниот број на жители.

Во општината, младите возрасни групи од 0-19 години учествуваат со вкупен процент од 20.4% од вкупниот број на население или 9,141 жители. Населението кое го сочинуваат возрасните групи од 20-64 години е застапено со 60.6% од вкупното население, односно 27,180 жители. Во општина Штип повозрасните старосни групи од 65+ години учествуваат со процент од 19% од вкупниот број на население, односно 8,545 жители.

Табела 14: Стапка на природен прираст на 1,000 жители 2016-2022

| Година | Број на жители | Живородени деца | Умрени | Стапка на наталитет | Стапка на морталитет | Стапка на природен прираст |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2016 | 48,695 | 494 | 479 | 10.1 | 9.8 | 0.3 |
| 2017 | 48,749 | 467 | 514 | 9.6 | 10.5 | -1.0 |
| 2018 | 48,764 | 458 | 498 | 9.4 | 10.2 | -0.8 |
| 2019 | 48,728 | 398 | 530 | 8.2 | 10.9 | -2.7 |
| 2020 | 48,571 | 394 | 656 | 8.1 | 13.5 | -5.4 |
| 2021 | 44,690 | 378 | 701 | 8.5 | 15.7 | -7.2 |
| 2022 | 44,687 | 424 | 591 | 9.5 | 13.2 | -3.7 |

*Извор: Државен завод за статистика, МакСтат база на податоци од Пописот од 2021 година и проценети податоци 2016-2020 од Попис 2002 година*

Во табела се прикажани податоци за број на живородени деца, број на умрени, стапката на наталитет, стапката на морталитет и стапката на природен прираст. Од податоците може да се забележи дека постои негативен природен прираст, особено во периодот по 2019 година, односно дека стапката на морталитет се зголемува. Една од причините за зголемената стапка на морталитет од 2020 година со 2022 година може да биде Пандемија на КОВИД-19. Гледано за сите години кои се предмет на статистика, просечната стапка на природен прираст е – 2.9.

Табела 15: Вкупно доселени и отселени граѓани

| Година | Вкупно доселени | Вкупно отселени | Разлика помеѓу доселени и отселени |
|---|---|---|---|
| 2012 | 207 | 207 | 0 |
| 2013 | 207 | 207 | 0 |
| 2014 | 199 | 200 | -1 |
| 2015 | 199 | 204 | -5 |
| 2016 | 246 | 182 | 64 |
| 2017 | 262 | 187 | 75 |
| 2018 | 237 | 194 | 43 |
| 2019 | 236 | 180 | 56 |
| 2020 | 200 | 177 | 23 |
| 2021 | 230 | 171 | 59 |
| 2022 | 188 | 211 | -23 |

*Извор : Државен завод за статистика, МакСтат база на податоци*

Во табеларниот приказ се прикажани податоци за бројот на вкупно доселени и отселени граѓани во општина Штип, од кој може да се забележи дека од 2016 до 2021 година има поголемо доселување од отселување, додека во 2022 година доселени се 188 лица, а отселени 211 лице.

Состојба со демографската структура во општината:

- Согласно податоците на Државниот завод за статистика од Пописот од 2021 година, вкупното резидентно население во општина Штип изнесува 44,866 жители.
- Според типот на населено место во општина Штип, во градските населени места живеат вкупно 42,000 жители или вкупно 94% од вкупното население, а во селските населени места живеат 2,866 жители или 6% од вкупното население.
- Постои негативен природен прираст. Просечната стапка на природен прираст во периодот од 2016 до 2022 година изнесува – 2.9.
- Во однос на миграциите на доселување и отселување во/од општина Штип, може да се забележи дека од 2016 до 2021 година има поголемо доселување од отселување, додека во 2022 година доселени се 188 лица, а отселени 211 лице.

**Пазар на трудот**

Анализата на пазарот на труд ни дава преглед на динамиката, трендовите и условите што ја обликуваат работната сила во општина Штип. Истата ја опфаќа вработеноста, невработеноста, учеството на работната сила и придружните фактори кои влијаат на распределбата на човечките ресурси. Оваа анализа дава преглед на функционирањето на локалната економија, формулирањето на политиките и општествената благосостојба.

Во општина Штип има 38,062 работоспособно население (15+ години) од кои 18,693 мажи и 19,369 жени. Во општината има 18,134 вработени лица од кои 9,269 мажи и 8,865 жени, и 1,777 невработени лица од кои 1,003 се мажи, а 774 жени.

Табела 16: Работоспособно население, вработени и невработени лица, 2021 година

| Возрасна група | Работоспособно население | | | Вработени | | | Невработени | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени |
| 15+ | 38,062 | 18,693 | 19,369 | 18,134 | 9,269 | 8,865 | 1,777 | 1,003 | 774 |
| 15-19 | 2,337 | 1,224 | 1,113 | 166 | 116 | 50 | 72 | 48 | 24 |
| 20-24 | 2,298 | 1,147 | 1,151 | 1,015 | 583 | 432 | 197 | 106 | 91 |
| 25-29 | 2,441 | 1,230 | 1,211 | 1,650 | 818 | 832 | 236 | 119 | 117 |
| 30-34 | 2,996 | 1,488 | 1,508 | 2,237 | 1,083 | 1,154 | 218 | 129 | 89 |
| 35-39 | 3,194 | 1,633 | 1,561 | 2,479 | 1,237 | 1,242 | 200 | 108 | 92 |
| 40-44 | 3,150 | 1,611 | 1,539 | 2,473 | 1,217 | 1,256 | 191 | 115 | 76 |
| 45-49 | 3,071 | 1,532 | 1,539 | 2,423 | 1,191 | 1,232 | 163 | 88 | 75 |
| 50-54 | 3,018 | 1,430 | 1,588 | 2,218 | 1,040 | 1,178 | 178 | 95 | 83 |
| 55-59 | 3,427 | 1,662 | 1,765 | 2,148 | 1,096 | 1,052 | 216 | 115 | 101 |
| 60-64 | 3,585 | 1,755 | 1,830 | 1,245 | 830 | 415 | 103 | 78 | 25 |
| 65+ | 8,545 | 3,981 | 4,564 | 80 | 58 | 22 | 3 | 2 | 1 |

*Извор: Државен завод за статистика, МакСтат база на податоци од Пописот од 2021 година*

Овој извештај ги анализира стапките на активност, стапките на вработеност и стапките на невработеност во различни возрасни групи.

Табела 17: Стапка на активност, стапка на вработеност, стапка на невработеност, во возраст и пол, 2021 година

| Возрасна група | Стапка на активност | | | Стапка на вработеност | | | Стапка на невработеност | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени |
| 15+ | 52.3% | 55.0% | 49.8% | 47.6% | 49.6% | 45.8% | 8.9% | 9.8% | 8.0% |
| 15-19 | 10.2% | 13.4% | 6.6% | 7.1% | 9.5% | 4.5% | 30.3% | 29.3% | 32.4% |
| 20-24 | 52.7% | 60.1% | 45.4% | 44.2% | 50.8% | 37.5% | 16.3% | 15.4% | 17.4% |
| 25-29 | 77.3% | 76.2% | 78.4% | 67.6% | 66.5% | 68.7% | 12.5% | 12.7% | 12.3% |
| 30-34 | 81.9% | 81.5% | 82.4% | 74.7% | 72.8% | 76.5% | 8.9% | 10.6% | 7.2% |
| 35-39 | 83.9% | 82.4% | 85.5% | 77.6% | 75.8% | 79.6% | 7.5% | 8.0% | 6.9% |
| 40-44 | 84.6% | 82.7% | 86.5% | 78.5% | 75.5% | 81.6% | 7.2% | 8.6% | 5.7% |
| 45-49 | 84.2% | 83.5% | 84.9% | 78.9% | 77.7% | 80.1% | 6.3% | 6.9% | 5.7% |
| 50-54 | 79.4% | 79.4% | 79.4% | 73.5% | 72.7% | 74.2% | 7.4% | 8.4% | 6.6% |
| 55-59 | 69.0% | 72.9% | 65.3% | 62.7% | 65.9% | 59.6% | 9.1% | 9.5% | 8.8% |
| 60-64 | 37.6% | 51.7% | 24.0% | 34.7% | 47.3% | 22.7% | 7.6% | 8.6% | 5.7% |
| 65+ | 1.0% | 1.5% | 0.5% | 0.9% | 1.5% | 0.5% | 3.6% | 3.3% | 4.3% |

*Извор: пресметки на авторот врз основа на податоците на ДЗС, Попис 2021 година*

Состојба со активноста меѓу возрасни групи и пол:

- Стапките на активност го претставуваат делот од населението во секоја возрасна група што е вработена или невработена т.е. ангажирана во некоја форма на активност поврзана со вработувањето. Стапката на активност во општината изнесува 52.3 %. Јазот помеѓу мажите и жените кај активноста е изнесува 5.2 п.п.. Жените имаат помала стапка на активност од 49.8%.
- Стапката на активност е највисока кај лицата на возраст од 40-44 години, достигнувајќи 84.6%, постепено опаѓајќи за повозрасните лица на возраст над 55 години.
- Поединците на возраст од 15-19 години имаат најниска стапка на активност од 10,2%, што го одразува нивното пониско учество во работната сила поради образование или други фактори.
- Јазот помеѓу мажите  и жените континуирано се зголемува кај возрасните групи над 50 години и го достигнува својот максимум кај возрасната група 60-64 години и изнесува 27.7 п.п..
- Јазот помеѓу мажите и жените постои и кај возрасната група 20-24 години најверојатно поради поголемата вклученост на жените во високото образование.

Состојба со вработеноста меѓу возрасни групи и пол:

- Стапките на вработеност го претставуваат процентот на поединци во секоја возрасна група кои се вработени (формално и неформално). Стапката на вработеност во општината изнесува 47.6%.  Јазот помеѓу мажите и жените кај вработеноста изнесува 3.8 п.п..
- Стапките на вработеност континуирано се зголемува, при што највисоката стапка е забележана кај лицата на возраст од 45-49 години од 78,9%.
- Возрасната група од 15 до 19 години има најниска стапка на вработеност од 7,1%, што одразува значителен дел од оваа возрасна група се во образование или обука.

- Стапките на вработеност постепено се намалуваат со возраста по 50 години, како одраз на општата шема на пензионирање и намаленото учество на работната сила меѓу повозрасните групи.
- Јазот помеѓу мажите  и жените е во линија со јазот во активноста и истиот се зголемува кај лицата над 55 години и го достигнува својот максимум кај возрасната група 60-64 години кога изнесува 24.6 п.п.. Исто така, постои јаз и кај возрасната  група 20-24 години поради помалата стапка активност кај жените.
- Намалување на стапката на вработеност на жените над 55 години се должи пред се поради намалената активност кај жените.

Во однос на вработените по занимања може да се забележи дека најголем број на вработени има во Занимања за неиндустриски начин на работа во производството.

Табела 18: Вработени  според занимање по пол и структура за 2021 година

| | Вкупно | Мажи | Жени | Структура вкупно | Структура мажи | Структура жени |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вработени според занимање - ВКУПНО | 18,134 | 9,269 | 8,865 | 100% | 100% | 100% |
| Воени занимања | 229 | 217 | 12 | 1% | 2% | 0% |
| Членови на законодавни и извршни тела, државни функционери, раководни државни службеници, дипломати и директори | 998 | 687 | 311 | 6% | 7% | 4% |
| Стручњаци и научници | 3,151 | 1,226 | 1,925 | 17% | 13% | 22% |
| Техничари и сродни работници | 1,953 | 952 | 1,001 | 11% | 10% | 11% |
| Службеници | 891 | 521 | 370 | 5% | 6% | 4% |
| Работници во услужни дејности и продажба | 2,282 | 1,302 | 980 | 13% | 14% | 11% |
| Стручни работници во земјоделството, шумарството, рибарството и ловот | 125 | 90 | 35 | 1% | 1% | 0% |
| Занимања за неиндустриски начин на работа во производството | 4,162 | 1,413 | 2,749 | 23% | 15% | 31% |
| Ракувачи и составувачи на машини и постројки | 1,431 | 978 | 453 | 8% | 11% | 5% |
| Елементарни занимања | 2,446 | 1,634 | 812 | 13% | 18% | 9% |
| Непознато занимање | 466 | 249 | 217 | 3% | 3% | 2% |

*Извор: Државен завод за статистика, МакСтат база на податоци од Пописот од 2021 година*

Состојба со невработеноста меѓу возрасни групи и пол:

- Стапките на невработеност го претставуваат процентот на поединци кои активно бараат вработување, но моментално се невработени во секоја возрасна група. Начинот на барање на работа не е ограничен само на барање на работа преку Агенцијата за вработување и може да вклучува и други начини на барање на работа како барање преку пријатели и познаници, пуштање на апликации за вработување директно кај работодавач и др. Стапката на невработеност во општината изнесува 8.9%.
- Највисоки стапки на невработеност се забележани кај помладите лица на возраст од 15-19 и 20-24 години, кои изнесуваат 30,3% и 16,3%, соодветно. Ова е показател за предизвиците

со кои се соочуваат овие возрасни групи во обезбедувањето вработување пред се поради спората трансформација од школо на работа.

- Стапките на невработеност се намалуваат со возраста до возрасната група од 45-49 години, каде што стапката значително се намалува на 6,3%. Над 50 години, стапките на невработеност имаат тенденција повторно да се зголемуваат.
- Во однос на највисокиот степен на школска подготовка може да се забележи дека најголем број на невработени има со средно образование.

### Табела 19: Број на невработени според највисок степен на школска подготовка за 2021 година

| Највисок степен на школска подготовка | Вкупно | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|
| Вкупно | 1,777 | 1,003 | 774 |
| Без образование | 49 | 27 | 22 |
| Незавршено основно образование | 82 | 45 | 37 |
| Основно образование | 361 | 214 | 147 |
| Средно образование | 950 | 579 | 371 |
| Високо образование | 298 | 124 | 174 |
| Магистратура | 33 | 11 | 22 |
| Докторат | 4 | 3 | 1 |

*Извор: Државен завод за статистика, МакСтат база на податоци од Пописот од 2021 година*

**Економски аспект**

На ниво на општина, економската анализа служи како витална алатка за разбирање и подобрување на локалната економска динамика. Со искористување на податоците за деловните субјекти, угостителските и сместувачките капацитети и земјоделските сектори, оваа анализа има за цел да ја разоткрие економската активност. Таквите информации ја формираат основата за информирани одлуки за политики, стратешко планирање и поттикнување одржлив развој.

Во општина Штип во 2020 година има 1,854 активни деловни субјекти. Најголем дел од нив се микро деловни субјекти и истите изнесуваат 60% од вкупниот број на деловни субјекти. Малите деловни субјекти изнесуваат 37%, а средните 2% од вкупниот број на деловни субјекти. Во општината има 20 големи претпријатија со повеќе од 250 вработени.

### Табела 20: Активни деловни субјекти по големина, состојба 31 декември

| Година | Вкупно | Микро | Мали | Средни | Големи |
|---|---|---|---|---|---|
| 2011 | 1,817 | 1,058 | 739 | 17 | 3 |
| 2012 | 1,840 | 1,207 | 608 | 17 | 8 |
| 2013 | 1,828 | 1,182 | 610 | 23 | 13 |
| 2014 | 1,788 | 1,147 | 596 | 29 | 16 |
| 2015 | 1,787 | 1,129 | 614 | 23 | 21 |
| 2016 | 1,814 | 1,146 | 622 | 26 | 20 |
| 2017 | 1,806 | 1,131 | 628 | 28 | 19 |
| 2018 | 1,839 | 1,147 | 643 | 30 | 19 |
| 2019 | 1,927 | 1,204 | 664 | 38 | 21 |
| 2020 | 1,854 | 1,104 | 691 | 39 | 20 |

*Извор: Државен завод за статистика, МакСтат база на податоци*

Гледано од 2011 година до 2020 година има мало зголемување на вкупниот број на деловни субјекти. Во анализираниот период (по големина на деловен субјект) има зголемување кај бројот на средните деловни субјекти од 17 на 39, и кај големите деловни субјекти од 3 на 20.

Во однос на структурата на деловните субјекти по големина во општината може да се забележи дека има промени на зголемување на учеството на средните деловни субјекти од 0.9% на 2.1% и зголемување на учеството бројот на големите од 0.2% на 1.1%

Анализирано по сектори на дејност најголем број на деловни субјекти во 2021 година има во секторот Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли по што следува Преработувачката индустрија. Овие сектори ги опфаќаат 46% од вкупниот број на деловни субјекти.

Во 2021 година во однос на 2011 година најголемо зголемување има на бројот на деловни субјекти во секторот Стручни, научни и технички дејности од 122 на 180 деловни субјекти. Најголем пад има во секторот Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли.

### Табела 21: Активни деловни субјекти по сектори на дејност според НКД Рев.2, состојба 31 декември

| Година | 2011 | 2016 | 2021 | Разлика во 2021 во однос на 2011 година | Структура 2011 | Структура 2021 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 1,817 | 1,814 | 1,783 | -34 | 100% | 100% |
| А Земјоделство, шумарство и рибарство | 82 | 78 | 74 | -8 | 5% | 4% |
| Б Рударство и вадење на камен | - | 1 | 3 | | | 0% |
| В Преработувачка индустрија | 290 | 296 | 287 | -3 | 16% | 16% |
| Г Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | 1 | 3 | 7 | 6 | 0% | 0% |
| Д Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад; санација на околината | 10 | 9 | 6 | -4 | 1% | 0% |
| Ѓ Градежништво | 75 | 82 | 95 | 20 | 4% | 5% |
| Е Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли | 680 | 590 | 527 | -153 | 37% | 30% |
| Ж Транспорт и складирање | 163 | 164 | 164 | 1 | 9% | 9% |
| З Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 86 | 110 | 91 | 5 | 5% | 5% |
| Ѕ Информации и комуникации | 19 | 23 | 43 | 24 | 1% | 2% |
| И Финансиски дејности и дејности на осигурување | 3 | 5 | 4 | 1 | 0% | 0% |
| Ј Дејности во врска со недвижен имот | 17 | 25 | 38 | 21 | 1% | 2% |
| К Стручни, научни и технички | 122 | 155 | 180 | 58 | 7% | 10% |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| дејности | | | | | | |
| Л Административни и помошни услужни дејности | 17 | 19 | 20 | 3 | 1% | 1% |
| Љ Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување | 6 | 6 | 8 | 2 | 0% | 0% |
| М Образование | 24 | 32 | 31 | 7 | 1% | 2% |
| Н Дејности на здравствена и социјална заштита | 91 | 88 | 86 | -5 | 5% | 5% |
| Њ Уметност, забава и рекреација | 23 | 26 | 22 | -1 | 1% | 1% |
| О Други услужни дејности | 108 | 102 | 97 | -11 | 6% | 5% |
| П Дејности на домаќинствата како работодавачи | ... | ... | ... | | | |
| Р Дејности на екстратериторијални организации и тела | ... | ... | ... | | | |

*Извор: Државен завод за статистика, МакСтат база на податоци*

Во однос на структурата на деловните субјекти по сектори на дејност во општината во 2021 година најголемо учество од 30% имаат деловните субјекти во секторот Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли, по што следи Преработувачка индустрија со 16%, Стручни, научни и технички дејности со 10% и Транспорт и складирање со 9% од вкупниот број на деловни субјекти.

Во однос на трендовите на структурата на деловните субјекти во општината може да се види дека најголемо зголемување кај учеството има кај Стручни, научни и технички дејности каде што учеството е зголемено за по 3 п.п.. Исто така, може да се забележи пад во секторот Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли за 7 п.п..

Состојба со деловните субјекти по големина и сектор:

- Во анализираниот период (по големина на деловен субјект) има зголемување кај бројот на средните деловни субјекти од 17 на 39, и кај големите деловни субјекти од 3 на 20.
- Во 2021 година најголемо зголемување во однос на 2011 година има на бројот на деловни субјекти во секторот Стручни, научни и технички дејности.
- Економскиот развој анализиран со податоците за големината и структурата на деловните субјекти има позитивен тренд затоа што се зголемува учеството на средните и големите претпријатија и се зголемува учеството на деловни субјекти во секторите кои вработуваат повисоко квалификувани работници и креираат поголема додадена вредност.

Угостителските и сместувачките капацитети се составен дел од економското ткиво на општината. Анализирањето на овие капацитети фрла светлина врз атрактивноста на регионот како туристичка дестинација, неговата способност да биде домаќин на посетители и потенцијалот за економска експанзија преку туристичката индустрија. Проценката на трендовите во овие сектори овозможува стратешки инвестиции и подобрувања за да се зајакне привлечноста на областа и кај домашните и кај меѓународните посетители.

Нема најнови статистички податоци за капацитетите во угостителството и врз основа на последните расположливи податоци од Попис на капацитетите во угостителството од 2016 година

може да се забележи дека во општината има 86 угостителски објекти со капацитет од 5,176 седишта. Истите се со површина од 9,782 м2 и вработуваат 503 лица.

Табела 22: Капацитети во угостителството, 2016 година

| Општини | Угостителски објекти | | Број на седишта | | Површина на објектите | | Број на вработени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | број | % | број | % | $m^2$ | % | вкупно | % |
| Штип | 86 | 1.96 | 5 176 | 2.34 | 9 782 | 2.07 | 503 | 2.55 |

*Извор: ДЗС, Попис на капацитетите во угостителството, во Република Македонија, 2016*

Во однос на капацитетите за сместување може да се забележи дека има 5 угостителски објекти со 101 соба и 197 легла. Истите се со површина од 6,903 м2 и има 85 вработени лица.

Табела 23: Капацитети за сметување, 2016 година

| Општина | Угостителски објекти | | Број на соби | | Број на легла | | Површина на објектите | | Број на вработени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | број | % | број | % | број | % | $m^2$ | % | вкупно | % |
| Штип | 5 | 0.87 | 101 | 0.59 | 197 | 0.43 | 6 903 | 0.76 | 85 | 1.22 |

*Извор: ДЗС, Попис на капацитетите во угостителството, во Република Македонија, 2016*

Просечен месечен број и ноќевања на туристи во 2023 година изнесува 1,616 ноќевања од кои 57% се на странски туристи. Во општината најголем број на ноќевања имало во 2015 година. Во 2020 година се забележува пад предизвикан од пандемијата на КОВИД-19.

Табела 24: Просечен месечен број и ноќевања на домашни и странски туристи

| Година | Број на туристи | | Број на ноќевања | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Домашни туристи | Странски туристи | Домашни туристи | Странски туристи | Вкупно |
| 2013 | 279 | 295 | 572 | 768 | 1,340 |
| 2014 | 305 | 324 | 578 | 890 | 1,467 |
| 2015 | 270 | 417 | 735 | 1,095 | 1,830 |
| 2016 | 254 | 306 | 516 | 755 | 1,270 |
| 2017 | 258 | 299 | 524 | 759 | 1,282 |
| 2018 | 283 | 354 | 693 | 1,012 | 1,704 |
| 2019 | 264 | 365 | 571 | 872 | 1,443 |
| 2020 | 80 | 97 | 187 | 397 | 584 |
| 2021 | 96 | 144 | 263 | 474 | 737 |
| 2022 | 124 | 144 | 377 | 408 | 785 |
| 2023 | 293 | 359 | 688 | 928 | 1,616 |

*Извор: пресметки на авторот врз основа на податоци на ДЗС, за 2023 година земени се податоците заклучно со декември 2023 година.*

Состојба со туристичкиот потенцијал и туристичката инфраструктура

- Општина Штип има континуирани зголемување на бројот на туристи по 2020 година.
- Во 2023 година во однос на 2022 година забележан е позначителен раст како кај домашните така и кај странските туристи. Просечниот број на ноќевања во еден месец во 2023 година изнесува 1,616.

Земјоделскиот сектор, опфаќајќи ги површините на обработлива површина и земјоделското производство, може да игра релевантна улога во општината. Испитувањето на земјоделските

податоци го преставува придонесот за локалната економија и неговото значење во поширокиот синџир на снабдување со храна.

Вкупната земјоделска површина во општината во 2023 година е 30.880 хектари од кои 7.430 се обработлива површина т.е. 24%. Од вкупната обработлива површина 6,780 хектари т.е. 91% се ораници и бавчи, 412 лозја, 155 хектари овоштарници и 831 хектари ливади. Во однос на 2015 година има намалување на земјоделската површина пред се поради намалување на ораници и бавчи. Ораниците и бавчите се намалени за 1,095 хектари.

### Табела 25: Земјоделски површини по категории на користење, во хектари, по години, според НТЕС 2013

| Година | 2015 | 2019 | 2023 |
|---|---|---|---|
| Земјоделска површина | 32,208 | 32,411 | 30,880 |
| Вкупна обработлива површина | 8,541 | 8,730 | 7,430 |
| Ораници и бавчи | 7,875 | 8,068 | 6,780 |
| Овоштарници | 163 | 171 | 155 |
| Лозја | 395 | 373 | 412 |
| Ливади | 108 | 118 | 83 |
| Пасишта | 23,661 | 23,675 | 23,399 |

*Извор: Државен завод за статистика, МакСтат база на податоци*

Во општината најголемо е производството има на јачмен со 4,958 тони, по што следуваат пченица со 2,848 тони, и бостан со 1,749 тони годишно производство. Во однос на 2015 година може да се забележи најголемо намалување кај бостанот за 1,392 тони, и кај луцерката за 1,736 тони. Најголемо зголемување се забележува кај јачменот 2,582 тони и кај пченицата за 570 тони.

### Табела 26: Засеани површини и производство на посеви, по години, според НТЕС 2013

| | Засеана површина во хектари | | | Вкупно производство во тони | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Година | 2015 | 2019 | 2023 | 2015 | 2019 | 2023 |
| Пченица | 1,196 | 1,367 | 1,258 | 2,278 | 3,737 | 2,848 |
| Рж | 21 | 137 | 59 | 30 | 271 | 106 |
| Јачмен | 1,652 | 2,084 | 1,818 | 2,376 | 5,717 | 4,958 |
| Овес | 25 | 29 | 42 | 36 | 62 | 68 |
| Пченка | 542 | 225 | 257 | 1,619 | 996 | 1,283 |
| Ориз | - | 300 | - | - | 1,800 | - |
| Сончоглед | 30 | 47 | - | 45 | 21 | - |
| Тутун | 40 | 86 | 34 | 72 | 183 | 77 |
| Компири | 67 | 38 | 28 | 945 | 501 | 217 |
| Кромид | 45 | 30 | 32 | 193 | 244 | 213 |
| Лук | 8 | 5 | 8 | 21 | 2 | 2 |
| Грав-главен посев | 49 | 36 | 19 | 26 | 41 | 18 |
| Грашок-зрно | 18 | 13 | 2 | 27 | 5 | 6 |
| Леќа | 4 | - | - | 3 | - | - |
| Зелка | 12 | 34 | 35 | 154 | 165 | 94 |
| Домати | 108 | 121 | 126 | 1,473 | 1,552 | 1,359 |
| Пиперки | 34 | 44 | 29 | 115 | 175 | 150 |
| Краставици | 8 | 14 | 8 | 55 | 30 | 9 |
| Бостан | 221 | 321 | 234 | 3,140 | 3,832 | 1,748 |
| Детелина | 35 | 228 | 237 | 209 | 1,256 | 986 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Луцерка | 437 | 389 | 271 | 2,988 | 2,103 | 1,252 |
| Граор | 7 | - | 10 | 18 | - | 15 |
| Добиточен грашок | 1 | 25 | 30 | 6 | 135 | 155 |
| Крмна пченка | 45 | 115 | 105 | 820 | 962 | 509 |
| Добиточна репка | 5 | 87 | 72 | 23 | 573 | 386 |

*Извор: Државен завод за статистика, МакСтат база на податоци*

Во однос на бројот на овошни стебла и производство на овошје во општината најмногу се произведуваат вишни. Во однос на 2015 година најголем раст бележи производството на вишни со зголемување за 382 тони. Најголем пад бележи производството на сливи со пад од 48 тона.

Табела 27: Број на овошни стебла и производство на овошје, по години, според НТЕС 2013

| | Вкупен број на стебла | | | Вкупно производство во тони | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Година | 2015 | 2019 | 2023 | 2015 | 2019 | 2023 |
| Цреши | 4,935 | 4,707 | 3,942 | 24 | 94 | 45 |
| Вишни | 58,830 | 78,980 | 58,042 | 257 | 673 | 585 |
| Кајсии | 2,270 | 2,824 | 2,283 | 10 | 69 | 28 |
| Дуњи | 550 | 490 | 345 | 8 | 9 | 4 |
| Јаболка | 2,090 | 2,075 | 2,669 | 37 | 72 | 38 |
| Круши | 2,070 | 1,980 | 1,788 | 34 | 49 | 23 |
| Сливи | 11,884 | 12,560 | 9,357 | 135 | 294 | 87 |

*Извор: Државен завод за статистика, МакСтат база на податоци*

Состојба со земјоделските ресурси и производи:

- Вкупната земјоделска површина во општината во 2023 година е 30.880 хектари од кои 7.430 се обработлива површина т.е. 24%. Од вкупната обработлива површина 6,780 хектари т.е. 91% се ораници и бавчи. Во однос на 2015 година има намалување на земјоделската површина пред се поради намалување на ораници и бавчи.
- Во општината најголемо е производството има на јачмен, по што следуваат пченица и бостан. Во однос на 2015 година може да се забележи најголемо намалување кај бостанот, а најголемо зголемување кај јачменот. Во однос на бројот на овошни стебла и производство на овошје во општината најмногу се произведуваат вишни.

**Образование**

На територијата на Општина Штип има 5 основни училишта со 8 подрачни училишта, 5 средни училишта и Универзитетот Гоце Делчев-Штип. Исто така, општината располага со 2 детски градинки.

Основни училишта:

- ООУ „Ванчо Прќе" – Со запишани 1213 ученици распределени во 72 паралелки во редовна настава и 34 ученици во посебните паралелки. За паралелките со помал број на ученици е побарана согласност од Министерството за образование и наука. Наставата се изведува на македонски јазик, а од странските јазици се изучуваат Англиски јазик од 1-во до 9-то одд., Германски јазик и Француски јазик од 6-то до 9-то одделение.

- ООУ „Тошо Арсов“ - Училиштето располага со училишен двор со површина од 12792 m2, спортска сала и две надворешни спортски игралишта со површина од 210 m2.
- ООУ „Гоце Делчев“ - ООУ „Гоце Делчев“ Штип располага со 17 училници, 1 кабинет по информатика, сала за физичко образование со спортски терен, училишна библиотека, простории за наставниот, раководниот и стручниот кадар и училишниот двор хортикултурно третиран и ограден. Во состав на ООУ работат и две подрачни училишта во населба Три Чешми и село Шашаварлија.
- ООУ „Димитар Влахов“ – Училиштето располага со двор со површина од речиси 4000м2 како и спортски игралишта за ракомет, мал фудбал и кошарка на кои исто така се изведува настава по физичко образование. Редовната настава во училиште се организира во 2 смени и тоа „А“ смена и „Б“ смена.
- ООУ „Славејко Арсов“ Штип – запишани 328 ученици, со 11 училници, 30 наставници и 20 предмети. Училиштето работи во две смени, I и III одд. и една предучилишна група во А смена II и IV одд. и една предучилишна група во Б смена.

Средни училишта:

- ДЕМУ „Коле Нехтенин, “за 5 профили од електро-техничката струка, 7 профили од машинската струка и 1 профил од угостителско-туристичка струка.
- СОУ „Димитар Мирасчиев “, за 7 образовни профили, 5 профили на техничари од текстилна струка и 2 профила на техничари за индустријата за чевли.
- СОУ „Јане Сандански “за профили од медицинската струка.
- ДМУЦ „Сергеј Михајлов “, државен музички училиштен центар.
- ДСУ „Искра “, државно средно училиште за образование и рехабилитација за профили од машинска, земјоделска, графичка и текстилна струка.

Штип исто така е универзитетски град и има еден универзитет со 7 факултети и 3 академии, кои се продуцираат кадри за целата држава.

### Табела 28: Вкупно резидентно население на возраст од 15+ години според степен на образование и пол

| Степен на образование | Вкупно | Мажи | Жени | Структура Вкупно | Структура мажи | Структура жени |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 38062 | 18693 | 19369 | 100% | 100% | 100% |
| Без образование | 552 | 235 | 317 | 1.45% | 1.26% | 1.64% |
| Незавршено основно образование | 929 | 349 | 580 | 2.44% | 1.87% | 2.99% |
| Основно образование | 7602 | 3349 | 4253 | 19.97% | 17.92% | 21.96% |
| Средно образование | 18765 | 10172 | 8593 | 49.30% | 54.42% | 44.36% |
| Високо образование | 7878 | 3478 | 4400 | 20.70% | 18.61% | 22.72% |
| Магистратура | 708 | 279 | 429 | 1.86% | 1.49% | 2.21% |
| Докторат | 175 | 78 | 97 | 0.46% | 0.42% | 0.50% |
| Непознато | 1453 | 753 | 700 | 3.82% | 4.03% | 3.61% |

*Извор: Државен завод за статистика, МакСтат база на податоци од Пописот од 2021 година*

Образовната структура на населението во општина Штип е прикажана во претходната табела. Од податоците за образовната структура на населението може да се забележи дека со незавршено основно образование се вкупно 929 жители или 2.44%, со основно образование се вкупно 7,602 жители или 19.97%, со средно образование се вкупно 18,765 жители или 49.30%, со

високо образование се 7,878 жители или 20.70% од вкупното резидентно население на возраст од 15+ години. Со незначителен дел во вкупниот процент учествуваат жителите кои имаат завршено магистерски студии (708 жители) и докторат (175 жители). Евидентно е дека постои висок степен на средно образование, со 49.30% од жителите кои имаат средно образование, а 20.70% имаат завршено високо образование или повисок степен на образование. Мал дел од населението има незавршено основно образование (2.44%) и без образование (1.45%).

### Табела 29: Ученици во основни училишта по пол и учебна година

| Учебна година | Вкупно | Ученички | Ученици | Разлика на број на ученици во однос на претходната година во проценти | Процент на ученички во вкупниот број на ученици |
|---|---|---|---|---|---|
| 2012/2013 | 4147 | 2017 | 2130 | | 49% |
| 2013/2014 | 4064 | 1984 | 2080 | -2.00% | 49% |
| 2014/2015 | 4049 | 1980 | 2069 | -0.37% | 49% |
| 2015/2016 | 4001 | 1930 | 2071 | -1.19% | 48% |
| 2016/2017 | 4189 | 2018 | 2171 | 4.70% | 48% |
| 2017/2018 | 4108 | 1965 | 2143 | -1.93% | 48% |
| 2018/2019 | 4061 | 1941 | 2120 | -1.14% | 48% |
| 2019/2020 | 4016 | 1917 | 2099 | -1.11% | 48% |
| 2020/2021 | 3991 | 1907 | 2084 | -0.62% | 48% |
| 2021/2022 | 3903 | 1866 | 2037 | -2.20% | 48% |
| 2022/2023 | 3855 | 1833 | 2022 | -1.23% | 48% |

*Извор: Државен завод за статистика, МакСтат база на податоци*

Во табелата се прикажани податоци за бројот на ученици во основни училишта по пол и учебна година во општина Штип. Од податоците може да се забележи дека бројот на ученици варира низ годините, со значителни зголемувања и намалувања во одредени периоди. Во учебната 2022/2023 година, во споредба со учебната 2012/2013 година, бројот на ученици се намалил за 292 ученици, што претставува намалување од 7.04%. Процентот на ученички во вкупниот број на ученици покажува стабилност, со просечен процент од околу 48-49%. Во последната учебна година (2022/2023), бројот на ученички изнесува 1,833, што претставува 48% од вкупниот број на ученици. Ова укажува на релативно рамноправна застапеност на ученичките во основните училишта во општината.

### Табела 30: Ученици во средни училишта, по пол и учебна година во општина Штип

| Учебна година | Вкупно | Ученички | Ученици | Разлика година по година во % | % на ученички |
|---|---|---|---|---|---|
| 2012/2013 | 2794 | 1364 | 1430 | | 51% |
| 2013/2014 | 2710 | 1303 | 1407 | -3.01% | 52% |
| 2014/2015 | 2705 | 1359 | 1346 | -0.18% | 50% |
| 2015/2016 | 2635 | 1317 | 1318 | -2.59% | 50% |
| 2016/2017 | 2493 | 1280 | 1213 | -5.39% | 49% |
| 2017/2018 | 2443 | 1243 | 1200 | -2.01% | 49% |
| 2018/2019 | 2424 | 1250 | 1174 | -0.78% | 48% |
| 2019/2020 | 2361 | 1197 | 1164 | -2.60% | 49% |
| 2020/2021 | 2446 | 1235 | 1211 | 3.60% | 50% |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2021/2022 | 2371 | 1174 | 1197 | -3.07% | 50% |
| 2022/2023 | 2191 | 1080 | 1111 | -7.59% | 51% |

*Извор: Државен завод за статистика, МакСтат база на податоци*

Податоците во табелата за ученици во средни училишта ни даваат приказ на бројот на ученици во средни училишта по пол и учебна година во општина Штип.

Согласно податоците, бројот на ученици константно се намалува низ годините. Во учебната 2022/2023 година, во споредба со учебната 2012/2013 година, бројот на ученици се намалил за 603 ученици, што претставува намалување од 21.59%.

Процентот на ученички во вкупниот број на ученици покажува стабилност, со просечен процент од околу 49-51%. Во последната учебна година (2022/2023), бројот на ученички изнесува 1,080, што претставува 51% од вкупниот број на ученици. Ова укажува на релативно рамноправна застапеност на ученичките во средните училишта во општината.

## Табела 31: Дипломирани студенти според степенот на студии, пол и според местото на постојано живеење, по години

| 2016 | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | | | Стручни студии | | | Академски универзитетски студии | | | Интегрирани студии | | |
| Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени |
| 195 | 83 | 112 | 8 | 3 | 5 | 167 | 77 | 90 | 20 | 3 | 17 |
| | | | | | | | | | | | |
| 2017 | | | | | | | | | | | |
| Вкупно | | | Стручни студии | | | Академски универзитетски студии | | | Интегрирани студии | | |
| Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени |
| 235 | 91 | 144 | 14 | 2 | 12 | 218 | 88 | 130 | 3 | 1 | 2 |
| | | | | | | | | | | | |
| 2018 | | | | | | | | | | | |
| Вкупно | | | Стручни студии | | | Академски универзитетски студии | | | Интегрирани студии | | |
| Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени |
| 151 | 58 | 93 | - | - | - | 124 | 54 | 70 | 27 | 4 | 23 |
| | | | | | | | | | | | |
| 2019 | | | | | | | | | | | |
| Вкупно | | | Стручни студии | | | Академски универзитетски студии | | | Интегрирани студии | | |
| Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени |
| 155 | 61 | 94 | 12 | 2 | 10 | 124 | 56 | 68 | 19 | 3 | 16 |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| 2020 | | | | | | | | | | | |
| Вкупно | | | Стручни студии | | | Академски универзитетски студии | | | Интегрирани студии | | |
| Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени |
| 136 | 42 | 94 | 15 | 6 | 9 | 119 | 36 | 83 | 2 | - | 2 |
| | | | | | | | | | | | |
| 2021 | | | | | | | | | | | |
| Вкупно | | | Стручни студии | | | Академски универзитетски студии | | | Интегрирани студии | | |
| Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени |
| 192 | 72 | 120 | 14 | 6 | 8 | 175 | 65 | 110 | 3 | 1 | 2 |
| | | | | | | | | | | | |
| 2022 | | | | | | | | | | | |
| Вкупно | | | Стручни студии | | | Академски универзитетски студии | | | Интегрирани студии | | |
| Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 239 | 109 | 130 | 17 | 5 | 12 | 220 | 104 | 116 | 2 | - | 2 |

*Извор: Државен завод за статистика, МакСтат база на податоци*

Во табелата е даден приказ на бројот на жители на општина Штип кои се дипломирани студенти, класифицирани според степенот на студии и според родова структура по години. Од податоците се гледа дека најголем интерес има за академски универзитетски студии, каде студираат најголем број студенти. Во 2016 година, 167 студенти (85.6% од вкупниот број дипломирани студенти) завршиле академски универзитетски студии. Слично, во 2022 година, 220 студенти (92.05%) го завршиле истиот степен на студии. Во однос на бројот на студенти, истиот варира низ годините. Најголем број дипломирани студенти имало во 2022 година (239 студенти), додека најмал број имало во 2020 година (136 студенти). Процентот на жени дипломирани студенти е значителен, со стабилна застапеност низ годините, што укажува на добрата родова рамноправност во високото образование во општина Штип.

**Социјална заштита**

Во однос на социјалната политика, Општина Штип соработува со ЈУ МЦСР во чиј состав влегуваат Дневниот центар за деца со посебни потреби, Дневниот центар за деца со аутизам и Мал групен дом во кој се сместени деца без родители и родителска грижа на возраст од три до осумнаесет години.

Општината има изработени документи за социјална, детска и здравствена заштита и тоа: Програма за активностите на Општина Штип од областа на социјалната, здравствената и детската заштита; Локален акциски план за лица со инвалидитет; Локален акциски план за Роми од областа на вработување, домување, образование, здравство и жена Ромка.

Во рамки на Програмата за остварување на социјалната, детската и здравствената заштита во Општина Штип активностите се поделени во седум ставки и тоа:

- Доделување на еднократна парична помош
- Превентивна социјална и здравствена заштита
- Детска заштита
- Социјална заштита на стари лица
- Социјална заштита на лица со посебни потреби
- Намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост
- Реализирање и поддршка на други и дополнителни (непланирани) активности, проекти и мерки

Програмата предвидува соработка со надлежниот Меѓуопштински центар за социјална работа, односно со Министерството за труд и социјална политика, Агенција за вработување на РМ преку Центарот за вработување, Министерството за здравство и сите други министерства со кои ќе биде потребно да се соработува, приватниот сектор и невладините организации. За целосна имплементација на Програмата за социјална, детска и здравствена заштита на Општина Штип за 2023 година биле предвидени 5.668.000,00 денари.

Табела 32: Вид на право на користење на средства на социјална заштита

| Бр. | Вид на право на користење на средства на социјална заштита | Предмети 2023 година |
|---|---|---|
| **1.** | Гарантирана минимална помош | 807 |

| | | |
|---|---|---|
| **2.** | Надоместок заради попреченост | 273 |
| **3.** | Посебен додаток | 163 |
| **4.** | Додаток за деца | 438 |
| **5.** | Првородено дете | 274 |
| **6.** | Родителски додаток за трето и четврто дете | 368 |
| **7.** | Надоместок за попреченост | 292 |
| **8.** | Надоместок за плата за скратено работно време | 17 |
| **9.** | Социјална сигурност на стари лица | 147 |
| **10.** | Еднократна парична помош | 168 |
| **11.** | Надоместок за помош и нега на друго лице | 1532 |
| **12.** | Образовен додаток | 361 |
| **13.** | Здравствена заштита | 108 |
| **14.** | Паричен надоместок за студирање | 4 |
| **15.** | Цивилна инвалидна | 2 |

*Извор: Центар за социјални работи на РСМ*

Еколошка анализа и Анализа на Заштита и безбедност на граѓаните во општина Штип

Подрачјето на Штип има претежно планинска и ридска местоположба. Се карактеризира со умерено – континентална клима со одредено влијание на изменета медитеранска клима. Просечната годишна температура е 12,9 степени целзиусови. Највисоки температури се измерени во август а најниски во јануари. Ветровите дуваат преку целата година. Од 365 дена во годината, во Штип 270 дена има струење. Ваквата состојба резултира со претежно чист воздух. Во последните две години шпански, словенечки, италијански и канадски фирми пројавија интерес за искористување на ветрот преку изготвување на поле со ветерници за производство на енергија.

**Воздух**

Во општина Штип, нема мерна станица за квалитет на амбиенталниот воздух, но има развиен мерен систем во рамки на Универзитетот Гоце Делчев и лабораторијата Амбикон. Лабораторијата АМБИКОН во рамките на Факултетот за природни и технички науки располага со опрема за контрола на квалитативните и квантитативните параметри на амбиентниот воздух и за анализа и испитување на морфолошки и хемиски состав на материјали. Лабораторијата спаѓа во реномираните лаборатории кои се акредитирани по европски стандарди од Институтот за акредитација на Република Македонија.




**Вода**

Водоснабдувањето на град Штип се врши со преработена ултрафилтрирана вода од ХС „Злетовица“.

Филтер станицата се наога на околу 3 км Североисточно од градот Штип на надморска височона од 381,5-кота на дно.

Таа е изградена да врши третман на :

1. Постојниот каптажен систем со краен капацитет од 500 l/s.
2. Површински води со краен капацитет од 500 l/s.

Новоизградениот објект за преработка на вода, односно за ултрафилтрација на површинска вода од ХС„Злетовица“ е сместен до веќе постоечкиот објект и има номинален капацитет од 300 l/s.

На ден 31.01.2022 извршено е примопредавање на новоизградениот објект за преработка на вода – ултрафилтрација на ЈП „Исар” Штип од страна на Општина Штип,

Од 16.02.2022г до 20.02.2022 г. пуштен е комбиниран систем на водоснабдување и тоа преработена ултрафилтрирана вода од ХС „Злетовица“ и преработена вода од бунарски систем.

Истовремено во тој период извршени се анализи на вода на излез од Филтер станица и водоводната мрежа и по добивање на три последователни резултати од овластената институиција Центар за Јавно Здравје Штип, направен е увид од инспекторите од Агенција за храна и ветеринарство и направен е записник во кој е констатирано дека водата е исправна и одговара согласно правилникот за безбедност на вода (сл.весник 183/2018).

Заклучно со 24.03.2022г. вршено е испорака на вода од комбиниран систем на водоснабдување и од 24.03.2022 г. исклучен е бунарскиот систем и водоснабдувањето на град Штип се врши само со преработена ултрафилтрирана вода од ХС „Злетовица“.

Од ставање во функција на системот за преработка на површинската вода континуирано во текот на годината се врши тековно следење на технолошкиот процес, работата на опремата и квалитетот на водата преку следење и евиденција на параметрите на скада системот.

Технологијата на подготовка на вода за пиење е мембранска надпритисочна ултрафилтрација со вертикални модули, кои се сместени во поединечни единици или рамки.

Технолошкиот процес на ултрафилтрација работи автономно но може да се управува или сервисира преку SCADA системот. Системот и индивидуалните подсистеми се управуваат преку PLC.

Апликативниот софтвер е направен на начин да Филтер станицата и сите процесни чекори автоматски се извршуваат, вклучително и автоматско прилагодување на станицата во случај на променлив режим на работа во поглед на количество на вода и квалитет на сирова вода.

Сите измерени податоци и електрична опрема се визуелизираат во SCADA системот и се архивираат. Отстапувањата во работењето се означени како аларм, што може да значи или запирање на постројката или предупредување

Филтер станицата има резервоар со капацитет од 2320 $м^3$ од кои 1740 $м^3$ се за водоснабдување а останатиот дел се користи за одвивање на технолошкиот процес за обработка

на вода. На влез и на излез од Филтер станицата има инсталирано мерачи на проток, со кои се евидентира влез на сирова вода и излез на преработена вода.

- Магистралниот цевковод 1 е со должина од 4,9 км и ги снабдува со вода двата резервоара :Каракуш и Шардаван-Баши.

- Магистралниот цевковод 2 ги поврзува Пречистителната станица и ППС„Баби“ и преку истиот се снабдува со вода левиот дел на град Штип и Технолошко индустриската развојна зона.

Дистрибутивната мрежа е со должина од околу 127 км.

Снабдувањето на град Штип и околните населени места кои се приклучени на системот за водоснабдување се врши во најголем дел гравитационо. Деловите од градот кои се на повисока кота се снабдуваат со вода преку 4 препумпни станици.

Според пописот од 2021 г. во Општина Штип живеат 44.866 жители, град Штип има 43.000 жители. На системот за водоснабдување се приклучени 96% од населението а на системот за одведување на отпадни води 97%. Системот за водоснабдување опслужува 15.000 корисници или 43.000 жители.

Како еден од главните проблеми е процентот на ненаплатена вода кој се движи околу 60%.Во овој процент спаѓаат:

Технички загуби (физички загуби на водоводниот систем):

- Прелевање на вода во резервоарите
- Истекување на вода од магистралниот и дистрибутивниот систем
- Истекување на вода во пумпни станици
- Истекување на вода на арматурите(спoеви,затварачи,дефекти од корозија)
- Административни загуби
- Нелегална потрошувачка (илегални и нерегистрирани потрошувачи)
- Грешка во мерење заради неисправни водомери.

Редовно се врши поправка на настанатите дефекти. ЈП„Исар“ –Штип управува и со локални системи за водоснабдување кои ги снабдуваат :с.Драгоево, с.Долани, с.Селце, с.Лакавица, с.Балталија, с.Шашаварлија.

| Систем за водоснаб дување | Број на жители | Годишно производство на вода во | Потрошувачка на енергија при производство на вода за пиење | Специфична потрошувачка на водата за пиење | Процент на вода за која не се плаќа надомест |
|---|---|---|---|---|---|
| | | ($m^3$) | (kWh) | [kWh/($m^3$)] | (%) |
| 2020 | 43000 | 5.673.550 | 7.436.096 | 1.311 | 59.69 % |
| 2021 | 43000 | 5.673.520 | 7.581.338 | 1,336 | 59,75 % |
| 2022 | 43000 | 5.305.700 | 2.692.191 | 0.507 | 58,93 % |

Од приложените податоци се гледа дека со преминување од Бунарскиот систем за снабдување со вода за пиење, на снабдување со површинска вода од ХС„Злетовица“ и пуштање

во функција на новоизградениот објект за преработка на вода, кој врши ултрафилтрација на површинска вода од ХС„Злетовица“, потрошувачката на енергија при производство на вода за пиење е намалена за околу 70 %.

Сѐ уште како проблем останува големата разлика помеѓу произведена вода и наплатена вода, односно процентот на вода за кој не се плаќа надомест, истиот е 58,93%.

Со воведување на далечинска контрола – SKADA систем за контрола ниво на вода во резервоарите и контрола на истекување на вода во препумпните станици би се намалило истекувањето на чиста вода со што би се намалил процентот на загуби за околу 10%.

Ако со SKADA систем за контрола се опфатат магистралните цевководи и дистрибутивниот систем со нивните арматури ќе се направи заштеда уште од околу 10%.

Ако се направи намалување на загубите на годишно ниво од 1%, за 3(три) години загубите ќе се сведат на околу 56 %, односно ќе се направи заштеда околу 93.812 $m^3$ или изразено во kWh околу 47.562 kWh ел.енергија.

**Отпадни води**

Канализациониот систем на град Штип се состои од канализациона мрежа и колекторски систем канализационата мрежа е со должина од 97,7 км. На канализационата мрежа се приклучени: град Штип, Три Чешми и нас. Брегалничка. Во населбите Балканска и Чардаклија е изведена канализациона мрежа и заеднички колекторски систем кој не е приклучен на колекторскиот систем а во с. Караорман е во тек изградба на канализациона мрежа. Канализационата мрежа е изградена од различни материјали:

- Керамички 21%
- Пластични PVC материјали 23%
- Армирано бетонски 24%
- Азбест цементни 32%

Колекторскиот систем е со вкупно должина од 13.2 км, почнува од Три Чешми. Отпадните води завршуваат директно во р. Брегалница во месноста викана Калимерово. Со ДУП е предвидена изградба на Пречистителна станица. 93% од населението на град Штип е приклучено на канализационата мрежа.

**Отпад**

ЈКП „Исар” врши услуга во сервисното подрачје на одговорност на територијата на град Штип и 6 населени места на територијата на Општина Штип: Три Чешми, Брегалничка, Балканска, Чардаклија, Караорман, Селце, Драгоево и Лакавица. Според последниот попис од 2021г. на територијата на општина Штип се попишани 47.214 жители а резидентото население изнесува 44.866 жители.

Собирањето на комуналниот цврст и технолошки отпад се врши на 14.300 домаќинства и 1380 правни субјекти и јавни институции. Собирањето на комуналниот цврст и технолошки отпад ќе се врши во специјални садови и тоа:

- 5 контејнери со запремнина од 1,1м3 распоредени во централното градско подрачје
- 205 контејнери со запремнина од 5м3 распоредени на територијата на град Штип и во индустриската зона
- Канти за смет од 80л распоредени на физичките лица.

Депонирањето на отпадот се врши на градската депонија за комунален цврст отпад која се наоѓа во месноста Трештена скала. Во согласност со оперативниот план на ЈП Исар – Штип за добивање на А интегрирана еколошка дозвола за 2009 година.

Во однос на отпад кој е хартија или ПЕТ амбалажа истата се селектира, балира и пресува во собирниот центар на ЈП „Исар“, по што се продава на овластени постапувачи.

**Природни убавини**

Во општина Штип, може да се издвојат неколку пророни обележја кои се погодни и за развој на туризмот:

- Реките Брегалница и Отиње
- Термалната вода Кежовица

**Зеленило**

ЈП „Исар”- Штип преку Сектор - Паркови и зеленило ја извршува дејноста уредување и одржување на паркови, зелени и рекреациони површини и одржување на спортски објекти. Јавните градски паркови, дрвореди, скверови, тревници, цветни површини, излетнички места и приградски пошумени реони и појаси се групирани во 11 реони и тоа:

Табела 33: Јавни градски паркови, дрвореди, скверови, тревници, цветни површини, излетнички места и приградски пошумени реони и појаси по реони

| Реон | Површина ($m^2$) |
|---|---|
| Бриони | 38.900 |
| Центар | 14.884 |
| Дујле | 30.813 |
| Пребег | 2.770 |
| Исар | 12.550 |
| Баби | 14.284 |
| Суитлак | 20.000 |
| Караорман | 270 |
| Автокоманда | 754 |
| Сењак | 2.160 |
| Дузлак | 2.000 |

*Извор: општина Штип*

Во плановите на општината се предвидуваат 10.000 нови метри квадратни зелена површина.

Дополнително, во функција на заштита на населението, спаѓа и делот за уредување на речното корито. Во рамки на своите ингеренции, ЈП ИСАР – Штип, реализира неколку активности, и тоа:

- Одржување на кеј на река Брегалница
    - се однесува за вкупна зелена површина за одржување на кејот на р. Брегалница (15.200 $m^2$) на потег од мост Ново Село до мост 8 Ноември и од мост 8 Ноември до станбени згради на Булевар ЈНА;
- Одржување на кеј на река Отиња
    - Вкупната површина на зеленилото во мајор коритото на река Отиња е 22.500 м2 (од Седум кули до мост кај детска градинка во Ново Село);

**Влијание на локалната економија врз животната средина**

Табела 34: Преглед на субјекти на територија на општина Штип со А и Б еколошка дозвола

| Носител на дозвола | Тип дозвола | Област |
|---|---|---|
| МИНОЛ ДООЕЛ Штип | А | Инсталации за депонирање, рециклирање и/или согорување на опасниот отпад, со капацитет над 10 t/ден |
| Ј.П. Македонија пат Скопје, асфалтна база Штип | А | Стационарни асфалтни бази |
| Коле Транс Инженеринг - Штип | А | Стационарни асфалтни бази |
| Живино – Пром ДОО Штип | А | Живинарство и свињарство |
| Синохидро Корпорејшн лимитед Пекинг-Подружница Скопје, Асфалтна база Штип | А | Стационарни асфалтни бази |
| ДПТУ Ескаватори МК ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, подружница Штип | А | Стационарни асфалтни бази |
| ТД ИГМ Џумајлија ДОО с. Сарамзалино, Лозово – Штип | А | Керамички производи |
| ПЕЛАГОНИЈА – ИНЖЕНЕРИНГ ДОО | Б | Производство за стакло и стаклени производи (бетонска база) |
| ДОО “Варади, Никола и други” - Штип | Б | с. Крупиште вон Штип |
| Сега е ДИО - ИН | Б | свињарство |
| Бетонска база АД БЕТОН Штип | Б | бетонска база |
| Геотехника ДООЕЛ Скопје, м.в Ежево Брдо Штип | Б | каменолом |
| ВИТАМИНКА ПРИЛЕП | Б | масло за јадење |
| ДПТ Бау Инженеринг ДООЕЛ Штип | Б | бетонска база и сепарација |
| Гаја Солушн ДОО Штип | Б | Инсталации за депонирање, |

| | | |
|---|---|---|
| | | рециклирање и/или согорување на опасниот отпад, |
| Друштво за производство, трговија, угостителство, сообраќај и услуги “САНС - АГ” увоз-извоз ДООЕЛ Штип | Б | Пиролиза со дозвола која истекува |
| Друштво за производство, трговија и услуги “ККШ - ТЕКСТИЛ” ДОО увоз-извоз Скопје – П . Перална за готови текстилни производство Штип | Б | Боење, белење и миење на ткаенини |
| Друштво за производство, трговија и услуги “ДИЈО - ИН” ДОО Штип, свињарска фарма | Б | Свињарство |
| Прехранбена индустрија “ВИТАМИНКА” АД Прилеп, п ружница Фабрика 3- Штип фабрика за масло за јадење | Б | Други дејности |
| Инсталација за собирање и рециклирање на производ и пластика “КРИПЛАС” ДООЕЛ Штип | Б | Инсталации за депонирање, рециклирање (нема согорување на опасниот отпад) |
| Друштво за производство, трговија и услуги В.И.Т ДООЕЛ Штип Погон за боење и перење на текстил | Б | Боење и перење на текстил |
| Трговско друштво за производство и промет “ПЕБО” ДОО Штип свињарска фарма с. Чардаклија | Б | Свињарство |

*Извор: општина Штип*

**Енергетска ефикасност, обновливи извори**

## Табела 35: Енергетски објекти во општината

| Штип | Тип на централа | Деловен субјект | снага |
|---|---|---|---|
| | фотоволтаична електроцентрала | ДПТУМАВИСДООШтип | 0,25 |
| | фотоволтаична електроцентрала | ДПТЕКОМАДооШтип | 0,777 |
| | фотонапонскаелектр о централа | Друштвозатрговија,производствои услуги ЛАРС ДООЕЛ Штип | 0,266 |
| | фотонапонскаелектр о централа | Друштвозатрговија,производствои услуги ЛАРС ДООЕЛ Штип | 0,00398 |
| | фотонапонскаелектр о централа | Друштвозатрговија,производствои услуги ЛАРС ДООЕЛ Штип | 0,09315 |
| | фотоволтаична електроцентрала | ДПТУВИЕДооел Штип | 0,1745 |
| | фотоволтаична електроцентрала | ДПТСтелИмпексДООЕЛШтип | 0,148885 |

*Извор: општина Штип*

Табела 36: Сектор води потрошувачка

| Систем за водоснабдување | Број на жители | Годишно производство на вода во | Потрошувачка на енергија при производство на вода за пиење | Специфична потрошувачка на водата за пиење | Процент на вода за која не се плаќа надомест |
|---|---|---|---|---|---|
| | | (m³) | (kWh) | [kWh/(m³)] | (%) |
| 2020 | 43000 | 5.673.550 | 7.436.096 | 1.311 | 59.69 % |
| 2021 | 43000 | 5.673.520 | 7.581.338 | 1,336 | 59,75 % |
| 2022 | 43000 | 5.305.700 | 2.692.191 | 0.507 | 58,93 % |

*Извор: Општина Штип*

Од податоците добиени од страна на ЕВН може да се види дека ел. енергија произведена од Фото-напонските панели кои се инсталирани на Филтер станица целосно се користи за сопствени потреби и како резултат на тоа се забележува намалување на трошоците за ел.енергија.

**Објекти во надлежност на општината**

Општина Штип има во сопственост и одржува 27 јавни згради со вкупна кондиционирана (грејна) површина од околу 53.453 m² Енергијата која се користи од овие општински објекти е околу 6.062,59. MWh годишно, односно околу 3,37% од општинскиот буџет е потребен за да ги покрие соодветните трошоци за потрошена енергија. Зголемувањето на трошоците за енергија главно се должат на зголемената цена на енергенсите. Податоците со кои располага Општина Штип се податоци за зградите што се во сопственост на општината како вкупна површина, грејна површина, потрошувачка на енергија и гориво, извори на енергија и системи за производство на енергија. Податоците се собираат од администрацијата која работи во овие објекти со тоа што се добиваат од нив фактурите за потрошена електрична енергија, гориво, како и основните проекти на основа на кој се изградени објектите.

Сите овие објекти се со средна физичка состојба при што имаат големи трошоци за енергија затоа што користат локален систем за затоплување на нафта. Системите за загревање во сите објекти со, мали исклучоци, се дотраени и се во функција повеќе од 30 години без притоа да се користи регулација на топлината или да се вршат мерења за загубата на енергија.

Во изминатиов период реализирани се следниве проекти:

- ЈУДОДГ„Вера Цирвири Трена“ - Клон „Пчелка“ – извршена е целосна замена на прозори.

- ЈУДОДГ„Вера Цирвири Трена“ - Клон Развигорче - во тек замена на кров.

- СОУ„Славчо Стојменски“ – извршена е целосна замена на сите прозори и врати, заменет е еден од котлите за греење, заменети се сите светилки во училиштето и во спортската сала.

- СОУ„Јане Сандански“ – извршена е замена на кровот на училиштето, извршена е целосна замена на сите прозори и врати во училиштето, извршена е санација на системот за греење т.е. извршена е замена на цевки, вентили и радијатори низ целото училиште.

- СОУ„Коле Нехтенин“ – извршена е целосна замена на кров на училишна зграда – проект на МОН, заменети се сите прозори и врати на училишната зграда и на спортската сала – сопствени средства. Извршена е целосна замена на осветлувањето на спортската сала, во училишната зграда делумно е заменето осветлувањето а во тек е постапка за замена на останатиот дел и се очекува да се реализира во почеток на 2024 г. Заменет е и другиот котел за греење, со што училиштето поседува два нови котли кои поседуваат горилници кои можат да се користат на нафта.

Со сите мерки кои што се реализирани, постигната е заштеда на топлинска енергија од околу 20% и заштеда на ел.енергиаја од околу 17%, споредбено 2019г. со 2022г.

- ООУ „Тошо Арсов“ – во 2020 г. извршена е замена на кров на централното училиште и поставување на термоизолациона фасада – проект финансиран од МОН.

- ООУ „Славејко Арсов“ – извршена е целосна замена на осветлувањето во училишната зграда.

- Инсталирани се Фото – напонски централи на следниве објекти:

1. СОУ„Коле Нехтенин“
2. ООУ„Тошо Арсов“
3. СОУ„Јане Сандански“
4. ЈУДОДГ„Вера Циривири Трена“

Наведените Фото напонски централи се инсталирани во декември 2023 и сеуште не е завршен процесот на регистрација.

Заедничко за сите објекти (со мали исклучоци) е дека имаат дотраени фасади кои се пред распаѓање.

Во сите општински објекти потребно е:

- Замена на постојниот систем и енергенс за затоплување,
- Замена на внатрешното осветлување во објектите во кои сеуште не е направено.
- Изработка на стручни аудити за сите објекти заради определување на приоритети при реконструкцијата на објектите. Се проценува дека за оваа мерка ќе бидат потребни околу 600.000 денари, а мерката се предвидува да се финансира дел со средства од општинскиот буџет, дел во соработка со организации кои изработуваат стручни аудити како донација.
- Воведување на систем на далечинска контрола на топлинските станици или подстаници и регулирање на режимот на работа во сите објекти, а во функција на заштеда на енергија во работното време, вон работното време и празници, при што се очекува намалување на трошоците за 10%. Целата мерка се предвидува да се финансира од буџетите на училиштата или општинскиот буџет, а инвестицијата се проценува да не биде поголема од 720.000 МКД.

Општина Штип во делот на енергетската ефикасност, има посебен плн во делот на јавното осветлување.

Општина Штип покрива површина од 556 $km^2$ со 392,1 km од улици.Сите главни улици и околу 89 % од другите улици се покриени со улично осветлување. Системот за улично осветлување е во сопственост на општината.

Во во 2021 г. Општина Штип по пат на јавна набавка склучи ЈПП со фирмата ИЦС Системи од Охрид. Со Физибилити студијата за Јавно осветлување, која е изготвена во Април 2021 г., опфатени се 4683 сијалични места, до крај на 2021 г. заменети се сите предвидени. Во тек на 2022 г. заменети се 230 и ново поставени уште 170 се светилки, односно направено е проширување на постоечката мрежа, од наведените 400 светилки – 91 се рефлектори кои не се димирани. Ова значи дека во системот се вклучени 4990 димирани LED светилки. Во тек на 2023 заменети се 30 светилки а 100 се ново поставени светилки.

Според договорот за ЈПП, трошоци за електрична енергија во име на Општина Штип ги покрива Приватнио партнер но истите се на трошок на Општина Штип. Со замена на тие 4731 светилка направена е заштеда на ел.енергија од околу 60%.

Сите ново поставени светилки и старите светилки кои се менуваат се димирани. Ова значи дека од 11 часа на ден, колку што работи секоја светилка просечно, 8 часа работи со 100% од инсталираната моќност а 3 часа со 50%.

Мора да се напомене и дека спортските игралишта кои се на територија на Општина Штип се приклучени на Уличното осветлување, истите се осветлени со рефлектори кои се временски ограничени и се исклучуваат во 23 час.

Осветлувањето во парковите е програмирано да се гаси во 23 h.

Пешачката патека која е во должина од околу 6 км и е целосно осветлена со 136 светилки од 33 W и 1(еден) рефлектор од 150 W, кои во летен период работат до 23 h и до 22 h во зимскиот период.

Уличните светилки кои се од тип на Живини(Hg), Натриумови(Na) и Металхалогени светилки, вкупно 17, се уште не се заменети .

Во тек на реализација на поректот за модернизација и одржување на системот за јавно осветлување, од мрежа се исклучени 250 светилки по различен основ(диви приклучоци, билборди, светилки во приватни имоти кои се приклучени на Улично осветлување и сл.).

Од 322 недимирани светилки кои се вклучени во системот за Јавното осветлување и се во во функција - 91 се рефлектори(истите се заменети со штедливи) и остануваат уште 231 светилка кои треба да се заменат. 521 светилка кои не се во функција(прегорени) треба да се заменат.

Вкупната инсталираната моќност на заменетите и ново посветените светилки кои се димирани е 142,335 kW, инсталираната моќност на недимираните 322 свтилки кои се во фунција е 25,517 kW.

Набавена е и инсталирана опрема за автоматизирање и мониторинг на системот за осветлување во секој мерен ормар, инсталација на контролни места за контрола на исправноста на системот.

Дислокација на 134 мерни места и преместување на броилата, мерната и заштитната опрема надвор од трафостаниците на дистрибутивна систем оператор(ЕВН) во посебни стандардизирани ормарчиња со опрема за контрола и мониторинг.

Контролата на вклучување и исклучување на уличното осветлување се врши со светлосни сензори (форели).

Идентификување на губитокот на ел.енергија предизвикан од објективни , но и субјективни причини(нелегално приклучување на линиите од улично осветлување)

Со ова  се постигна ефикасна регулација и целосен увид во работењето на уличното осветлување.

Податоците се ситематизаирани во Табела 37

Табела 37: Јавно осветлување

| Тип на осветлување | Тип на столбови[2] | Инсталирана моќност (W) | Број на светилки | Вкупен број на светилки | Вкупна инсталирана моќност (kW) |
|---|---|---|---|---|---|
| LED 30 W | Метални<br>Бетонски<br>Дрвени | 30 | 15 | 15 | 0,45 |
| LED 150 W | Метални<br>Бетонски<br>Дрвени | 150 | 42 | 42 | 6,3 |
| LED 40 W | Метални<br>Бетонски<br>Дрвени | 40 | 10 | 10 | 0,4 |
| LED 70 W | Метални<br>Бетонски<br>Дрвени | 70 | 25 | 25 | 1,75 |
| LED 10 W | Метални<br>Бетонски<br>Дрвени | 10 | 25 | 25 | 0,25 |
| LED 36 W | Метални<br>Бетонски<br>Дрвени | 36 | 9 | 9 | 0,324 |
| LED 120 W | Метални<br>Бетонски<br>Дрвени | 120 | 3 | 3 | 0,36 |
| LED 30 W (светлки на платформ за паркинг) | Метални<br>Бетонски<br>Дрвени | 30 | 16 | 16 | 0,48 |
| LED 100 W | Метални<br>Бетонски<br>Дрвени | 100 | 260 | 260 | 26 |
| LED 110 W | Метални<br>Бетонски | 110 | 261 | 261 | 28,71 |

[2] Внесете го типот на столбот во однос на бројот на светилки, на пример 2 светилки по столб или 3 светилки по столб итн.

| Тип на осветлување | Тип на столбови[2] | Инсталирана моќност (W) | Број на светилки | Вкупен број на светилки | Вкупна инсталирана моќност (kW) |
|---|---|---|---|---|---|
| | Дрвени | | | | |
| REF 150 W | Метални<br>Бетонски<br>Дрвени | 150 | 20 | 20 | 3 |
| LED 17 W | Метални<br>Бетонски<br>Дрвени | 17 | 1689 | 1689 | 28,713 |
| LED 28 W | Метални<br>Бетонски<br>Дрвени | 28 | 2007 | 2007 | 56,196 |
| LED 33 W | Метални<br>Бетонски<br>Дрвени | 33 | 655 | 655 | 21,615 |
| LED 53 W | Метални<br>Бетонски<br>Дрвени | 53 | 396 | 396 | 20,988 |
| LED 61 W | Метални<br>Бетонски<br>Дрвени | 61 | 243 | 243 | 14,823 |
| REF 28 W | Метални<br>Бетонски<br>Дрвени | 28 | 90 | 90 | 2,520 |
| REF 33 W | Метални<br>Бетонски<br>Дрвени | 33 | 1 | 1 | 33 |
| REF 100 W | Метални<br>Бетонски<br>Дрвени | 100 | 34 | 34 | 3,4 |
| REF 200 W | Метални<br>Бетонски<br>Дрвени | 200 | 10 | 10 | 2 |
| Живини (Hg) | Бетонски<br>Дрвени | 125 | 10 | 10 | 1,25 |
| Натриумови (Na) | Бетонски | 250 | 7 | 7 | 1,75 |

| Тип на осветлување | Тип на столбови[2] | Инсталирана моќност (W) | Број на светилки | Вкупен број на светилки | Вкупна инсталирана моќност (kW) |
|---|---|---|---|---|---|
| | Дрвени | | | | |
| Металхалогени | Бетонски<br>Дрвени | 250 | 5 | 5 | 1,25 |
| | | | **ВКУПНО** | **5833** | **255,529** |
| | | | **Вкупен број на столбови** | **4500** | |
| | | | **Број на прегорени светилки** | **521** | |

*Извор: Општина Штип*

Од аспекат на покриеност на патиштата со осветлување, состаојбара е дадена во Табелите 38 и 39.

Табела 38. Преглед на покриеност на патишта со осветлување

| Вид на патишта | Вкупна должина на патот (km) | Вкупно осветлени патишта (km) | Процент на осветлени патишта (%) |
|---|---|---|---|
| Главни улици | 18,6 | 18,6 | 100% |
| Споредни улици | 373,5 | 330,4 | 88.34% |
| Вкуно | 392,1 | 349 | 89,03% |

*Извор: Општина Штип*

Табела 39. Преглед на покриеност на патишта со осветлување

| Систем на јавно осветлување | Број на осветлени столбови | Вкупна должина на патишта | Вкупна должина на осветлени патишта | Потрошувачка на електрична енергија во јавното осветлување | Потрошувачка на електрична енергија за осветлен столб | Потрошена електрична енергија за km од градските патишта | % на градски осветлени патишта |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | (km) | (km) | (kWh/a) | [kWh/(по столб)] год. | [kWh/(km)] год. | (%) |
| | 4,500 | 392,1 | 349 | 752.581 | 167,24 | 2156.39 | 89,03% |

*Извор: Општина Штип*




Во моментот наведените светилки трошат **752.581 kWh** ел.енергија годишно или **1.972.529,35 ден**.што во однос на претходната 3 годишна ПЕЕ е намалување за околу 56 %, во однос на потрошени kWh.

Со замена на преостанатите неефикасни светилки со LED светилки на годишно ниво се очекува намалување на потрошувачката на електрична енергија да биде околу 170.496 **kWh** на годишно ниво, односно ке се направи заштеда од околу 22,65% во однос претходно потрошената енергија.

## Табела 40. Преглед на потрошувачка на електрична енергија по објект

| Краен корисник | Број на станари | Вкупна површина на зградата | Вкупна грејна површина | Потрошувачка на електрична енергија | Потрошувачка на топлинска енергија | Вкупна потрошувачка на енергија | Специфична потрошувачка на електрична енергија | пецифична потрошувачка на топлинска енергиј | Специфична потрошувачка на енергија | Трошоци на енергија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | $m^2$ | $m^2$ | kWh | kWh | kWh | kWh/($m^2$) | kWh/($m^2$) | kWh/($m^2$) | МКД |
| **Образовни објекти** | | | | | | | | | | |
| ООУ„Ванчо Прке“-централно | 1.323 | 4.170 | 4.170 | 37.291 | 470.337 | 507.627,64 | 8,94 | 112,79 | 121,73 | 5.092.303 |
| ООУ„Ванчо Прке“-с.Лакавица | 14 | 285 | 20 | 3.654 | 3.000 | 6.654 | 12,82 | 150,00 | 162,82 | 53.343 |
| ООУ„Ванчо Прке“-с.Селце | 18 | 256,12 | 182 | 520 | 26.831 | 27.351 | 2,03 | 147,42 | 149,45 | 51.249 |
| ООУ„Гоце Делчев“-централно | 654 | 3.165 | 2.985 | 28.874 | 207.909 | 236.782,64 | 9,12 | 69,65 | 78,77 | 2.255.991 |
| ООУ„Гоце Делчев“-н.Три Чешми | 79 | 547 | 435 | 4.916 | 46.795 | 51.710,72 | 8,99 | 107,57 | 116,56 | 475.958 |
| ООУ„Гоце Делчев“-с.Шашаварлија | 11 | 100 | 68 | 2.864 | 26.831 | 29.695 | 28,64 | 394,57 | 423,21 | 111.880 |
| ООУ„Тошо Арсов“-централно | 660 | 3.771 | 3.771 | 29.587 | 234.840 | 264.427 | 7,85 | 62,28 | 70,12 | 2.483.681 |
| ООУ„Тошо Арсов“-подрачно | 87 | 485 | 485 | 4.923 | 27.324 | 32.246,52 | 10,15 | 56,34 | 66,49 | 315.588 |
| ООУ„Димитар Влахов“ | 1.064 | 5.978 | 5.978 | 40.217 | 210.763 | 250.980,2 | 6,73 | 35,26 | 41,98 | 3.468.136 |
| ООУ„Славејко Арсов“ | 358 | 1.721 | 1.721 | 40.231 | 91.200 | 131.431 | 23,38 | 52,99 | 76,37 | 1.680.922 |
| СОУ„Славчо Стојменски“ | 574 | 3.526 | 3.526 | 25.047 | 176.016 | 201.063 | 7,10 | 49,92 | 57,02 | 2.029.682 |
| СОУ„Јане Сандански“ | 729 | 2.641 | 2.641 | 47.646 | 176.299 | 223.944,72 | 18,04 | 66,75 | 84,80 | 2.682.488 |
| СОУ„Коле Нехтенин“ | 780 | 8.500 | 7.954 | 78.482 | 328.320 | 406.802 | 9,23 | 41,28 | 50,51 | 4.216.305 |
| СОУ„Димитар Мирасчиев“ | 123 | 1.430 | 1.430 | 0 | 182.400 | 182.400 | 0.00 | 127,55 | 127,55 | 2.570.348 |
| **Вкупно за Образовни објекти** | **6.474** | **30.434** | **35.366** | **344.252** | **2.208.863** | **2.553.115,44** | 11,31 | **1.346,83** | **1.499,85** | **27.487.874** |
| **Објекти за социјална грижа** | | | | | | | | | | |
| ЈУДОДГ„Вера Циривири Трена“-Другарче | 223 | 2.946 | 1.946 | 38.271 | 228.000 | 266.271 | 228.000 | 117,16 | 194,56 | 228000 |

| Краен корисник | Број на станари | Вкупна површина на зградата | Вкупна грејна површина | Потрошувачка на електрична енергија | Потрошувачка на топлинска енергија | Вкупна потрошувачка на енергија | Специфична потрошувачка на електрична енергија | пецифична потрошувачка на топлинска енергиј | Специфична потрошувачка на енергија | Трошоци на енергија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | m$^2$ | m$^2$ | kWh | kWh | kWh | kWh/(m$^2$) | kWh/(m$^2$) | kWh/(m$^2$) | МКД |
| ЈУДОДГ„Вера Циривири Трена“-Развигорче | 195 | 4.646 | 1.683 | 57.232 | 191.520 | 248.752 | 191.520 | 113,80 | 126,12 | 191520 |
| ЈУДОДГ„Вера Циривири Трена“-Пчелка | 100 | 316 | 196 | 7.724 | 53.204 | 60.927,8 | 53.203,8 | 271,45 | 295,89 | 53203.8 |
| ЈУДОДГ„Вера Циривири Трена“-Росица | 47 | 993 | 450 | 22.883 | 122.208 | 145.091 | 122.208 | 23,04 | 46,09 | 122208 |
| ОЈУДГ„Астибо“ | 230 | 3.313 | 3.313 | 149.740,52 | 209.727 | 359.467,688 | 209727.16 | 63,30 | 108,50 | 209727.168 |
| ОЈУДГ„Астибо“-Цветови | 144 | 1.200 | 1.200 | 10.736,1 | 173.285 | 184.021,572 | 173285.47 | 144,40 | 153,35 | 173285.472 |
| ОЈУДГ„Астибо“-Сончогледи | 215 | 1.600 | 1.600 | 51.605,1 | 136.874 | 188.478,972 | 136873.87 | 85,55 | 117,80 | 136873.872 |
| ОЈУДГ„Астибо“-Бамби | 95 | 607 | 607 | 17.270,4 | 127.678 | 144.948,576 | 127678.17 | 210,34 | 238,80 | 127678.176 |
| ОЈУДГ„Астибо“-Виножито | 167 | 1.643 | 1.643 | 34.103 | 54.684 | 54.717,623 | 54683.52 | 33,28 | 33,30 | 54683.52 |
| **Вкупно за објекти за социјална грижа** | **1.416** | **17.264** | **12.638** | **355.496,22** | **1.297.180** | **1.652.676,231** | **1297180** | **1.062,33** | **1.314,40** | **1297180.008** |
| **Општински административни објекти** | | | | | | | | | | |
| Општина Штип | 111 | 3.526 | 2.939,33 | 86.878 | 235.478 | 322.356,4 | 24,64 | 80,11 | 104,75 | 4.169.442 |
| Мултимедијален центар | 3 | 643 | 643 | 3.350 | 18.240 | 21.590 | 5,21 | 28,37 | 33,58 | 217.496 |
| ОУК„Дом на Млади“ | 7 | 530 | 530 | 980 | 23.335 | 24.315 | 1,85 | 44,03 | 45,88 | 254.923 |
| ЈП„Исар“ | 45 | 761 | 761 | 85.923 | 45.600 | 131.523 | 112,91 | 59,92 | 172,83 | 2.544.457 |
| ЈП„ Стипион 2011“ | 21 | 261 | 261 | 24.472 | 31.947 | 56.419,36 | 93,76 | 122,40 | 216,17 | 689.466 |
| **Вкупно за општински** | **187** | **5.721** | **5.134,** | **201.603** | **354.600** | **556.203,76** | **238,37** | **33483** | **573,20** | **7.875.784** |

| Краен корисник | Број на станари | Вкупна површина на зградата | Вкупна грејна површина | Потрошувачка на електрична енергија | Потрошувачка на топлинска енергија | Вкупна потрошувачка на енергија | Специфична потрошувачка на електрична енергија | пецифична потрошувачка на топлинска енергиј | Специфична потрошувачка на енергија | Трошоци на енергија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | $m^2$ | $m^2$ | kWh | kWh | kWh | kWh/($m^2$) | kWh/($m^2$) | kWh/($m^2$) | МКД |
| административни објекти | | | 33 | | | | | | | |
| ВКУПНО | 8.077 | 53.419 | 53.138,33 | 901.351,223 | 3.860.644,208 | 4.761.995,431 | 524,07 | 2.743,99 | 3.387,45 | 46.723.283 |

| Краен корисник | Вкупна површин а на зградата | Вкупна грејна површина | Потрошувачка наелектрична енергија | Потрошувачка на топлинска енергија | Вкупна потрошувачка на енергија | Специфична потрошувачкана електрична енергија | Специфична потрошувачка на топлинска енергија | Специфична потрошувачка на енергија | Трошоцина енергија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | $m^2$ | $m^2$ | kWh | kWh | kWh | kWh/($m^2$) | kWh/($m^2$) | kWh/($m^2$) | МКД |
| ОЈУДГ„Астибо“ | 3313 | 3313 | 121.913 | 209.162 | 331.075 | 36,8 | 63,13 | 99,9 | 1.709.795 |
| ОЈУДГ„Астибо“-Цветови | 1200 | 1200 | 26.055 | 143.409 | 169.464 | 21,71 | 119,5 | 141,22 | 854.263 |
| ОЈУДГ„Астибо“-Сончогледи | 1600 | 1600 | 53.557 | 140.817 | 194.347 | 33,47 | 88,01 | 121,48 | 991.341 |
| ОЈУДГ„Астибо“-Бамби | 607 | 607 | 16.569 | 94.603 | 111.172 | 27,29 | 155,85 | 183,15 | 560.096 |
| Вкупнозаобјектиза социјална грижа | 10.995 | 10.995 | 356.546 | 1.295.734 | 1.652.253 | 290,85 | 1.399,49 | 1.690,33 | 7.832.040 |
| ОпштинаШтип | 3526 | 2939,33 | 129.749 | 141.024 | 270.773 | 36,8 | 47,98 | 84,78 | 1.930.831 |
| Мултимедијален центар | 643 | 643 | 6.289 | 23.500 | 29.789 | 9,78 | 36,55 | 46,33 | 170.916 |
| ОУК„ДомнаМлади“ | 530 | 300 | 18.592 | 19.601 | 38.193 | 35,08 | 65,34 | 100,42 | 231.228 |
| ЈП„Исар“ | 761 | 761 | 94.803 | 58.750 | 153.553 | 124,58 | 77,2 | 201,78 | 598.875,2 |
| ЈП„Стипион2011“ | 261 | 261 | 25.332 | 41.160 | 66.492 | 97,06 | 157,7 | 254,76 | 406.241 |
| Вкупно за општински административни објекти | 5.721 | 4.904,33 | 274.765 | 284.035 | 558.800 | 303,3 | 384,77 | 688,07 | 3.338.091 |
| ВКУПНО | 51.810 | 50.330 | 1.116.119 | 4.101.665 | 5.234.413 | 728,07 | 2593,38 | 3.814,28 | 35.326.122 |

Табела 41: Предложени мерки согласно програмата

**Спроведување на проекти за Енергетска ефикасност вклучени во тригодишната ПЕЕ**

| Број | Проекти за Енергетска ефикасност | Опис | Извор на финансирање | Период на имплементација | Одговорно лице | Пристап на имплементирање (јавни набавки, рокови, активности, соработка и слично) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Улично осветлување | Замена на нештедливите светилки со штедливи светилки | Општина Штип | 2024 - 2026 | * | ЈПП |
| 2 | ООУ„Гоце Делчев“ | Реконструкција на кров и поставување на енергетско изолациона фасада | МОН | 2024 - 2026 | * | грант |
| 3 | СОУ„Славчо Стојменски“ | Реконструкција на кров | МОН | 2024 - 2023 | * | грант |
| 4 | СОУ„Коле Нехтенин“ | Реконструкција на кров на спортска сала | МОН | 2024 - 2026 | * | грант |
| 5 | ООУ„Димитар Влахов“ | Реконструкција на спортска сала | МОН | 2024 - 2026 | * | грант |
| 6 | ООУ„Димитар Влахов“ | Реконструкција на кров, замена на радијатори | МОН | 2024 - 2026 | * | грант |
| 7 | СОУ„Јане Сандански’ | Поставување на енергетско изолациона фасада | МОН | 2024 - 2026 | * | грант |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | **ООУ„Ванчо Прке“** | **Замена на топловоден котел и радијатори** | **Буџет на РСМ** | **2024- 2026** | ***** | **грант** |
| 9 | **Водоснабдува ње** | **Реконструкција на цевководи и поправка и замена на арматури** | **Општина Штип ЈП„Исар“** | **2024 - 2026** | ***** | **Општина Штип – ЈП„Исар“** |

Партнерите кои ќе бидат директно или индиректно вклучени во спроведувањето на ПЕЕ:

- Финансиски институции
- Меѓународни донатори/програми
- Консултанти
- Изведувачи
- Добавувачи

Реконструкција на кров и поставување на енергетско изолациона фасада во ООУ„ Гоце Делчев“ треба да доведе до заштеда од околу 30 % на вкупната потрошувачка на енергија или околу **71.035 kWh** на годишно ниво**.**

Реконструкција на кров во СОУ„Славчо Стојменски“ треба да доведе до заштеда од околу 20% на вкупната потрошувачка на енергија или околу **40.213 kWh** на годишно ниво **.**
Реконструкција на кров на Спортска сала во СОУ„Коле Нехтенин“, со реализација на овој проект се очекува да се направи заштеда на вкупната потрошувачка на енергија околу 20% или околу **81.360 kWh** на годишно ниво.

Со реализација на проектот за Реконструкција на Спортската сала во ООУ„Димиотар Влахов“ ќе се направи заштеда на енергија од околу 20 %, или околу **50.196 kWh**.
Со реализација на проектот за Реконструкција на кров и замена на радијатори во ООУ„Димиотар Влахов“ ќе се направи заштеда на енергија од околу 25 %, или **62.745 kWh**.
Реализација на проектот за поставување на Енергетско изолациона фасада на СОУ„Јане Сандански“ би требало да донесе заштеда на енергија од околу 10%, или **50.783 kWh**.
Со замената на Топловоден котел и радијатори во ООУ„Ванчо Прке“ ќе се направи заштеда од околу 10% на вкупната потрошена енергија т.е. околу 64.326 kWh.

## 2.1 Преглед на потрошувачката на енергија

По анализата на секој сектор поединечно, направен е краток преглед на потрошувачката на енергија и трошоците за истата кои се прикажани во таб. 18.
Од истата може да се види дека најголем потрошувач е Секторот општински објекти со вкупно потрошенои 4.761.995,431 kWh на годишно ниво.

Секторот за Вода и Секторот за Улично осветлување користат само ел.енергија. Секторот општински објекти покрај ел.енергија за загревање се користи екстра лесно масло, дрва и пелети. Секторот транспорт е прикажан само транспортот за сопствени потреби и како енергенс користи бензин и дизел.

Освен во ООУ„Ванчо Прке“ и на Филтер станица за прочистување на вода за пиење (која е дел од ЈП Исар), фотонапонски централи со моќност од 15 кW има инсталирано и во ООУ„Гоце Делчев“- подрачно и ТППЕ - Штип.

Од податоците добиени од страна на ЕВН може да се види дека ел.енергија произведена од Фото-напонските панели кои се инсталирани на **Филтер станица** целосно се користи за сопствени потреби и како резултат на тоа се забележува намалување на трошоците за ел. енергија.

Во однос на **ООУ„Ванчо Прке“,** од добиените податоци од ЕВН се гледа дека ел. енергија која се добива од Фото-напонските панели не се користи во целост и голем дел од неа се предава во системот за дистрибуција.

Во однос на **ООУ„Гоце Делчев“- подрачно,** нема податоци од кои може да се утврди колкав дел од произведената ел.енергија од Фото-напонските панели се користи за сопствени потреби а колкав дел од неа се предава во системот за дистрибуција.

Делот од произведената ел.енергија која се предава во системот не е евидентиран во Фактурите за Ел.енергија кои што се испорачуваат од страна на избраниот добавувач.

Покрај јавните објекти, во општина Штип има сериозни инвестиции во соларни панели, како во деловните објекти, така и приватни објекти. Во следната табела42 дадена е листата на деловни субјекти:

Табела42: Деловни објекти кои инвестирале во соларни панели

| Фотонапонски централи 2023- Агенција за Енергетика | Големина |
|---|---|
| МОНД Експорт-инпорт ДОО Штип | 70.62 kW<br>100.32 kW |
| Мотив плус ДООЕЛ | 40 kW |
| Грдовјанка ДОО Штип | 240 kW |
| ДТИТ Актива Инженеринг ДООЕЛ Штип | 84.9 kW |
| СТЕЛ ИМПЕКС ДООЕЛ Увоз-Извоз Штип | 114.48 kW |
| Агрофила ДООЕЛ Штип | 30.36 kW<br>25.48 kW<br>90 kW |
| Јоле ДООЕЛ ШТИП | 33.96 kW |
| Кентаур Компани Дооел Штип | 30 kW |
| ТМ ДОО Штип | 240 kW koriste |
| Ивал-Трејд ДОО Штип | 40 kW |
| Римин Ер ДООЕЛ Штип | 38.5 kW |
| ТРД Радио Канал 77 ДООЕЛ Штип | 37.06 kW |
| МАКРИЗ ДООЕЛ, нас. Три Чешми, Штип | 37.44 kW |
| ДПТУ И КОНСАЛТИНГ БРАШНАРА ГОЛДИ ДООЕЛ Штип | 5.46 kW |
| ДУПТ МАР-БОЈАЏИ ДОО Штип | 39.59 kW |
| Дрво-Декор Ентериер ДООЕЛ Штип | 40 kW |
| ЛОРД ДООЕЛ Штип | 39.59 kW |
| ДТТУ Чоче Транс ДОО | 36 kW |
| ДГ РЕГНУМ ГРАДБА ДОО Скопје | 28.67 kW |
| СОУ „КОЛЕ НЕХТЕНИН“ Штип | 35 kW |
| ООУ „ТОШО АРСОВ“ Штип | 17.5 kW |
| Лојал-Стил ДООЕЛ Штип | 32.4 kW |

| Фотонапонски централи 2023- Агенција за Енергетика | Големина |
|---|---|
| ЈУДОДГ<br>„Вера Циривири Трена“<br>Штип | 39.6 kW |
| СОУ „Јане Сандански“<br>Штип | 28.05 kW |
| УНИ ДООЕЛ Штип | 40 kW |
| ДПУТ Креатив кујна и<br>кетеринг ДООЕЛ Штип | 6.3 kW |
| Фотонапонски централи 2023- Агенција за Е. | подредени по големина во KW |
| Грдовјанка ДОО Штип | 240 kW |
| ТМ ДОО Штип | 240 kW koriste |
| МОНД Експорт-инпорт<br>ДОО Штип | 70.62 kW<br>100.32 kW |
| Агрофила ДООЕЛ Штип | 30.36 kW<br>25.48 kW<br>90 kW |
| СТЕЛ ИМПЕКС ДООЕЛ Увоз-Извоз Штип | 114.48 kW |
| ДТИТ Актива Инженеринг<br>ДООЕЛ Штип | 84.9 kW |
| Мотив плус ДООЕЛ | 40 kW |
| Ивал-Трејд ДОО Штип | 40 kW |
| Дрво-Декор Ентериер<br>ДООЕЛ Штип | 40 kW |
| УНИ ДООЕЛ Штип | 40 kW |
| ЈУДОДГ<br>„Вера Циривири Трена“<br>Штип | 39.6 kW |
| ДУПТ МАР-БОЈАЏИ ДОО Штип | 39.59 kW |
| ЛОРД ДООЕЛ Штип | 39.59 kW |
| Римин Ер ДООЕЛ Штип | 38.5 kW |
| ТРД Радио Канал 77<br>ДООЕЛ Штип | 37.06 kW |
| МАКРИЗ ДООЕЛ,<br>нас. Три Чешми, Штип | 37.44 kW |
| ДТТУ Чоче Транс ДОО | 36 kW |
| СОУ „КОЛЕ НЕХТЕНИН“<br>Штип | 35 kW |
| Јоле ДООЕЛ ШТИП | 33.96 kW |

| Фотонапонски централи 2023- Агенција за Енергетика | Големина |
|---|---|
| Лојал-Стил ДООЕЛ Штип | 32.4 kW |
| Кентаур Компани Дооел Штип | 30  kW |
| ДГ РЕГНУМ ГРАДБА ДОО Скопје | 28.67 kW |
| СОУ „Јане Сандански“ Штип | 28.05 kW |
| ООУ „ТОШО АРСОВ“ Штип | 17.5 kW |
| ДПУТ Креатив кујна и кетеринг ДООЕЛ Штип | 6.3 kW |
| ДПТУ И КОНСАЛТИНГ БРАШНАРА ГОЛДИ ДООЕЛ Штип | 5.46 kW |

Во општина Штип, има и 79 приватни иницијативи.

Вкупната инсталирана моќност е: 1911.28 kW

**Урбанистички планови**

Урбанистичките планови се реализираат преку Програма за финансирање на изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип, која се носи секоја година. Таа претставува основ за изработка и донесување на урбанистичко плански документации и урбанистичко проектни документации кои треба да се изработат на територијата на општина Штип и истата го уредува начинот на финансирање на изработка на истите.

Целта на оваа Програма е да се овозможи ефикасно спроведување на политиките на планирање и уредување на просторот на територијата на општина Штип и создавање услови за рамномерен просторен развој, рационално уредување и користење на просторот и услови за хумано живеење и работа на граѓаните на општина Штип.

Програмата со свои приоритети се однесува на:

- Генерален урбанистички план
- Урбанистички план за село
    - План за с. Три Чешми
- Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење
    - Површини наменети за фотоволтаични централи
- Урбанистички план вон опфат на урбанистички план
    - План за Индустриска зона - ЗАПАД
- Детални урбанистички планови
- Урбанистички проекти
- Програми согласно член 73 од Закон за градење
    - Намена Спортска сала
- Програмски задачи финансирани од страна на заинтересирани инвеститори

Општинскиот буџет наменет за оваа програма е: 9.000.000,00 денари, а дополнително се очекуваат средства од приватни инвеститори. Програмата често има измени со цел да се изнајдат решенија за тековни проекти.

## Анекс 2. Листа на учесници на работилница

Republic of North Macedonia
Ministry of Local Self Government

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

UNDP

**Проект:** ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИТЕ СОВЕТИ – ФАЗА 2

**Работилница за подготовка на SWOT анализа**

**Дата:** 06.03.2024

**Локација:** Општина Штип

| Ред. Бр | Име | Презиме | Институција/Организација | Позиција | Контакт | Потпис |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Александра | Ивановска | Општина Штип | советник | 077771732 | |
| 2. | Ихија | Шитров | ОУЦ "Астибо" Штип | директор | 078/471-796 | |
| 3. | Ивана | Анѓеличкова | ЈУДОМ "Вера Циривири Трена" | директор | 075-259-056 | |
| 4. | Јованчо | Шалев | ООУ "Коле Нехтенин" | директор | 078/484-397 | |
| 5. | Роберт | Анастасов | Општина Штип | раководител на одд. за образ. | 078/382 040 | |
| 6. | Зоран | Митев | ООУ "Гоце Делчев" | директор | 078/473 757 | |
| 7. | Ристе | Гроковски | ООУ "Славејко Арсов" | директор | 078 927 590 | |
| 8. | Невенка | Величкова | ООУ "Димитар Влахов" | директор | 078473944 | |

www.opstinskisoveti.mk

EMPOWERING MUNICIPAL COUNCILS

| Ред. Бр | Име | Презиме | Институција/Организација | Позиција | Контакт | Потпис |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 9. | Весна | Ристова | СОУ Гимназија "С. Стојменов" | в.д. директор | 078 473 195 | |
| 10. | Марина | Варадиновска | СОУ "Димитар Мирасчиев" | в.д. директор | 078 409 733 | |
| 11. | Наташа | Максимова | ООУ "Тошо Арсов" | педагог | 078/473 863 | |
| 12. | Бисера | Василева | ООУ "Ванчо Прке" Штип | секретар | 077/927-280 | |
| 13. | Милена | Јовевски | Алмонис 200 | сметководител | 071/309-377 | |
| 14. | Марија | Николиќ | СОУ "Јане Сандански" | директор | 075/393-013 | |
| 15. | Сабина | Асани | НУЦК "Ацо Шопов" | вработен | 072/412-805 | |
| 16. | Сабедин | Асани | Здружение Рома | претседател | 07[illegible]/412-802 | |
| 17. | Цветанка | Трајкова | Општина Штип | сметководител | 070/210-323 | |
| 18. | Вања | Чандовска Николовска | Општина Штип | советник | 078/390-780 | |
| 19. | Елена | Петковска | Техпромингенеринг | админ. работник | 075/283-649 | |
| 20. | Соња | Радмилова | Локална самоуправа | | 07[illegible]/345 473 | |
| 21. | Сања | Михајлова Сурикиева | Општина Штип | инсп. за [illegible] | 078/472 631 | |
| 22. | Киро | Јованов | ФРЛЗ - Штип | координатор за млади | 074/604-186 | |
| 23. | Валерија | Соколова Стојанова | СЕГ Холдинг | експерт | 077 915 936 | |
| 24. | Глигор | Михајловски | СЕГ Холдинг | експерт | 070 275 340 | |
| 25. | Тодор | Соколов | Општина Штип | Р. координатор [illegible] совет | 078375468 | |

www.opstinskisoveti.mk

EMPOWERING MUNICIPAL COUNCILS